УНИВЕРЗИТЕТ ″СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ″ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Последипломски магистерски студии по педагошки науки

# СТИЛОВИ НА ПОУЧУВАЊЕ ВО НАСТАВАТА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

-магистерски труд-


**Ментор:**

**Проф. Д-р. Снежана Адамческа**

**Кандидат:**

**Ленче Мариноска**


Скопје, 2011 година

***"Да се научи како да се учи, значи да се развијат мисловните способности. Ученикот кој има знаење, а не ги развил своите интелектуални способности, може да дејствува само како репродуктивец, но не и како личност која ја менува средината и воведува новини."***

Младен Вилотијевиќ

***"За да се знае треба да се мисли, а за да мислиме треба да знаеме"***

Перо Шимлеша

***"Добриот наставник кај учениците ја развива способноста за самостојна работа."***

Константин Димитријевиќ Ушински

***" Било која идеја, проблем или опсег на знаење, може да се презентира во доволно едноставна форма, за да може секој ученик да ја разбере во за себе препознатлив облик "***

Џером Брунер

***"Рефлексивниот наставник ги слуша своите ученици. Сфатил зошто има две уши и само еден јазик: два пати повеќе да слуша и еднаш помалку да зборува"***

П. Брајша

***"Само тогаш кога наставникот постојано се усовршува, тој е способен вистински да поучува и воспитува"***

Достоевски

# СОДРЖИНА

**Вовед**..........................................................................................5

ПРВ ДЕЛ - ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

**1.Краток историски преглед на сфаќања за дидактиката како теорија на поучување**..........................................................8

1.1. Дидактичката концепција на Јан Амос Коменски - 17 век..........................8

1.2. Сфаќања за наставата во периодот на 19 век..........................................9

1.3. Дидактичката концепција на Џон Дјуи - 20 век......................................11

**2. Функции и задачи на наставникот во современата настава**......................15

**3. Процесот на поучување** ..........................................................................20

**4. Видови стилови на поучување**................................................................23

4.1. Демократски стил на водење на наставата (на поучување)........................24

4.2. Автократски стил на водење на наставата (на поучување)........................24

4.3. Либерален стил на водење на наставата (на поучување)..........................25

**5. Унапредување на наставата и учењето**...................................................28

**6. Професионално усовршување на наставниот кадар**..................................30

**7. Проект СЕА – Активности во средното образование Проект за модернизација на образованието**.................................................................32

ВТОР ДЕЛ

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Значење на истражувањето.............................................................................39

1. Избор на проблем за истражување...............................................................41

2.Предмет на истражувањето...........................................................................42

3. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување.....................43

4.Цел на истражувањето..........................................................................45

5.Задачи на истражувањето.......................................................................45

6.Хипотези на истражувањето...................................................................46

7.Варијабли на истражувањето...................................................................46

8.Примерок на истражувањето....................................................................47

9.Методи и техники и инструменти на истражувањето....................................47

10.Собирање и обработка на податоците........................................................49

ТРЕТ ДЕЛ

Анализа и интерпретација на резултатите.......................................................50

I Анализа и интерпретација на резултатите од Анкетата за наставници.................51

II Анализа и интерпретација на резултатите од Анкетата за ученици......................75

III Споредба на резултатите од Анкетите за наставници и ученици..........................96

IV Анализа на прашања за ученици од отворен тип...............................................103

V Анализа на прашања за наставници од отворен тип............................................112

Дискусија за добиените резултати...................................................................117

Заклучни согледувања ...................................................................................120

Користена литература.....................................................................................122

ПРИЛОЗИ.......................................................................................................127

## ВОВЕД

Брзите и динамични социо – економски, социо – културни, едукативни и други процеси на некој начин повеќе или помалку имаат влијание и на едукациските науки, како во теоријата, така и во практиката. Ако практиката претставува верификатор на теориските сознанија и опсервирања, тогаш императивно во создавањето на најмладата и младата личност во современите и динамични услови, бара и модерен, современ, квалитетен и актуелен наставник. Значи, станува збор за креативен наставник со мултипликативни функции и улога.

Ваквата улога и функција што ја има современиот наставник на денешното училиште е мошне комплексно, актуелно и суптилно прашање. Впрочем, ова прашање го иницираат и современите тенденции во развитокот на системот на воспитанието и образованието кај нас. Во современите демократско – плурални процеси и односи се иницира прашањето од потреба од едукативниот систем; систематски и мошне солидно да ги следи модерните текови, процеси и движења, напредокот на образованието, науката, културата и технологијата, а се со цел за успешна апликација на иновативните зафати и процеси.

Посебно во овој контекст се укажува и на секојдневните животни, образовни и културни потреби и барања за успешна комуникација, се бара флексибилен наставник кој ќе може секојдневно во едукациските процеси да внесува иновации, да ги следи современите трендови во процесите на воспитанието и образованието. Оттука се наметнува и прашањето за неговата општа и професионална едукациска култура, за еластичност и флексибилност, за економичност, рационалност и ефикасност и навреме да реагира на современите потреби и барања на времето за успешно вклопување во воспитно – образовните и културно – едукациски барања. Тоа значи дека наставникот треба да биде креативна личност и постојано систематски да акумулира нови знаења и сознанија од сите области. Поучувањето на наставникот и учењето на ученикот се органски и неоделиви елементи на наставниот процес во кој и наставникот и ученикот се активни. Суштината на

нивниот меѓусебен однос се состои во тоа дека поучувањето е во служба на процесот на учење и како поттик и помош треба да влијае таму каде што е неопходно. Поучувањето ќе ја оправда својата посредничка функција ако успее ученикот од водено, управувано стекнување знаења, постепено да го оспособи за самостојно учење.

Процесот на поучување се среќава во сите етапи во процесот на стекнување знаења, но не со еднаков интензитет. Поучувањето има голема важност на почетокот на учењето кога ученикот треба да се мотивира и заинтересира за понатамошна работа. Во процесот на стекнување знаења често учениците се соочуваат со проблеми и нејаснотии. Овде исто така од голема важност е улогата на поучувањето т.е. како да му се помогне на ученикот да најде решение за проблемот кој што се јавил, а наставникот да не му укаже директно и преку готови решенија, туку преку поставување проблемски ситуации, асоцирање, поставување хипотези и сл. Важноста на поучувањето, посебно се согледува и во етапата на помнење, повторување и вежбање на стекнатите знаења, бидејќи наставникот е тој кој што умее временски и содржински оптимално да го организира целиот тој процес.

Процесот на поучување воглавно е детерминиран од воспитно – психофизичките способности и степен на развој на учениците, структурата на одделните наставни предмети и личноста на наставникот.

Дидактичкиот триаголник наставник – ученик – наставно градиво, постепено почнува да се надминува. Денес современите процеси и барања го иницираат и фактот на мултидимензионалност и полидимензионалност во апсорбирањето нови знаења и сознанија за секојдневната реалност и активност во домашни и пошироки релации.

Ова го велиме од фактот што едукативниот систем кај нас е мошне флексибилен и ги следи сите процеси, потреби и барања и е во перманентен од со современите едукациски системи, во меѓународни релации. Новите барања што ги поставуваат програмите за развој на образованието во Република Македонија се однесуваат на трансформацијата на трдиционалната настава во активна настава како докажан и креативен модел во процесот на образованието. Како главен носител и фактор во таа трансформација е едуцираниот наставен кадар, кој преку сопствениот

стил на поучување на учениците го креира процесот на настава, која претставува основен дел на училишната работа. Со прилагодувањето на наставните методи, форми, средства на потребите и интересите на учениците ќе зависи ефективноста на училиштата, па од тука оваа проблематика е предмет на истражување во овој труд .

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. Краток историски преглед за сфаќања на дидактиката како теорија на поучување

### 1.1. Дидактичката концепција на Јан Амос Коменски - 17 век

Терминот поучување – држење настава потекнува уште од Стара Грција, односно од старогрчкиот збор дидаскеин, дидаско што значи поучуван, дидактикос – поучен, дидаскалос –учител, при што се смета дека овие термини ја чинат основата за настанувањето на терминот дидактика во латинскиот јазик.

Големиот мислител и реформатор на воспитно – образовната работа Волфганг Ратке (1571-1635) и чешкиот педагог Јан Амос Коменски (1592 – 1670), дидактиката ја сметале како вештина на поучување. Тие вештината на поучување ја сфаќаат многу пошироко од само пренесување на содржините од областите на разните науки, така што уште од 17 век, вниманието го насочуваат кон ученикот, нагласувајќи дека содржината треба да се обработува и пренесува имајќи ја во предвид природата на учениците. Јан Амос Коменски како прва цел на дидактиката како научна дисциплина го истакнува тоа дека наставниците треба помалку да поучуваат, а учениците повеќе да учат. Во делото на Коменски “Голема дидактика” има дел од правилата на поучување кои важат и денес.

**Јан Амос Коменски** ја истакнал потребата за свесно учење, систематичност на наставата, цврсто усвојување на наставното градиво и развивање на сознајните способности на ученикот. Барал од наставниците во текот на наставната работа да се придржуваат на очигледност, систематичност, постапност, повторување, вежбање, утврдување на наставното градиво. Коменски бил против формализам во

пренесувањето на знаења и лежерен однос од страна на учениците во однос на презентираното градиво. Воочил дека во наставата се нагласува меморирање на содржини кои учениците не се во состојба да ги применат.

Со воведувањето на концепцијата на Јан Амос Коменски, во образованието е направен голем напредок. Тој го воведува одделенско – предметно - часовниот систем на работа, а преку таквиот систем наставното градиво се организира по предмети во рамките на разните наставни предмети, содржините се делат на помали целини кои се реализираат на наставните часови, а сето тоа се изведува пред поголема група ученици, наместо дотогашниот индивидуален пристап.

Коменски се залагал за постапност во наставата (од познато кон непознато, од едноставно кон сложено), секако преку систематичност, планирање и реализација на наставната работа по часови, седмици и училишна година. Иако главно неговата концепција се применува и денес, како недостаток се јавува неможноста за интеракција помеѓу наставникот и ученикот. Во процесот на поучување содржините полесно се усвојуваат доколку учењето е засновано на искуствата, повратните информации и интересите од учениците. При ваков еден приод наставникот како поучувач колку и да ја владее наставната содржина и колку добро и да го пренесува неговото знаење, занемарена е активноста, креативноста, љубопитноста од страна на учениците кои се важен фактор во наставниот процес. Токму поради тоа оваа концепција била подложена на многу критики.

## 1.2. Сфаќања за наставата во периодот на 19 век

**Жан Жак Русо** се залага наставата да се темели на љубопитност и активност од страна на учениците, а наставникот да го осамостојува ученикот, развивајќи ги неговите способности. – природен развој на детето-

**Јохан Хајнрих Песталоци** – смета дека заради правилен развој на децата им е неопходна помош од воспитувач, но под услов тој воспитувач да сака деца и да ја совладал вештината на поучување. Тој смета дека сознајниот процес во сите наставни области треба да почне од очигледност, а после тоа доаѓа мисловната активност. Барал наставникот да поаѓа од природата на детето, применувајќи го

принципот од едноставно кон сложено, од основните елементи кон целината – индукција.

**Јохан Фридрих Хербарт** – е најпознат по формалните степени на настава (јасност, асоцијација, систем и метод), чија цел е наставната тема и единица да се обработуваат постапно. Сметал дека наставните содржини треба да се поврзуваат со интересите на учениците.

Преку **јасност** во предавањата, објаснувањата се овозможува учениците сконцентрирано да внимаваат и да се внесат во материјата која се обработува, преку степенот на **асоцијација** се овозможува поврзување на новите содржини со претходните. **Системот** е поврзување на поимите и судовите во логички сознајна целина , со што ќе се постигне трајност на усвоените знаења. Преку **методот** се упатува кон поврзување на теоријата и праксата, на практична примена на знаењата, вежбање, при што учениците би се оспособиле самостојно да мислат и работат.

**Адолф Дистервег** – смета дека во наставата треба да преовладува самостојната работа на учениците. Наставниците треба да настојуваат да ја поврзат теоријата и праксата, да се оспособуваат за продуктивна и креативна воспитно – образовна работа. Наставата е креативен чин, а наставникот – креатор.[1]

Целта и задачите на наставата се остваруваат преку добра обработка на "историските" и "рационални" области од страна на наставникот, преку откривање, повторување, утврдување, проверување, при тоа ангажирајќи ги и учениците. Се залагал за уважување на учениците како битен фактор во процесот на настава, за наставници со голем сознаен и креативен потенцијал и одговорност за самостојна работа и ангажирање (вклучување) на учениците во училишното секојдневие (училишниот живот).

[1] Вилотиевиќ, М, (2000), Дидактика: организација наставе, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет. (стр. 129 - 131)

## 1.3. Дидактичката концепција на Џон Дјуи - 20 век

Според Џон Дјуи наставата треба да се темели на психофизичкиот потенцијал и интереси на учениците. Тој смета дека треба да се отфрли обичното пренесување на знаења и поголемо значење да се придава на активното учење и активната улога на ученикот. Наставната програма не смее да биде пропишана и иста за сите, содржините треба да ги бира наставникот, поаѓајќи од потребите, интересите и способностите на учениците.

Дидактичката концепција на **Џон Дјуи** е прагматистички заснована, па според тоа тој бара науката и знаењето да бидат во служба на практичните животни потреби. Тој ја критикува традиционалната настава која се заснова на дициплина и казни, книшко пренесување на знаења, не земајќи ги во предвид интересите, потребите и искуствата на учениците, кои треба да се подготвуваат за живот преку сопствениот живот и да се во центар на наставата.

За исходот во образовниот процес според Џон Дјуи се важни четири клучни поими:

- целите (треба внимателно да се поставатј) ;
- наставникот (негова обврска е да го поттикне развојот на учениците со создавање услови за учење и стекнување добри мисловни навики);
- ученикот (со своите потреби, желби, интереси, постигања, го одржува наставниот процес);
- наставната програма (не треба да се темели на традицијата, туку на важните актуелни проблеми кои поттикнуваат развој на мислата.)

Наставникот како поучувач во процесот на настава треба да биде организатор на активностите на ученикот. Тој треба постојано да ги стимулира учениците да реагираат да мисловните предизвици, бидејќи на тој начин се формираат нивните ставови. Колку што се поактивни учениците, толку наставникот е поуспешен. Дјуи ја поставил т.н. проект метода, со која наставникот во договор со учениците, повикувајќи се на нивните потреби и интереси, поставува практичен проблем, а потоа заедно со учениците се согледува неговата суштина, се утврдува план за

негово развивање, врз основа на собраните податоци и информации се изведуваат заклучоци, а завршна фаза на целиот тој процес е практична примена. Улогата на наставникот се сведува на соработник, организатор и креатор на наставниот процес, што е спротивна од улогата на наставникот во концепцијата на Хербарт.

Џон Дјуи смета дека училиштето е неодвоив дел од општественото опкружување, а наставата е процес на формирање на општествениот живот. Развојот на ученикот кој настанува од реконструкција на образовните искуства, треба да биде насочуван кон општествена ефикасност. Наставникот треба да му служи на општеството преку подготвување т.е. продуцирање на ученици кои ќе бидат носители на општествениот развој. Наставните програми и организацијата и облиците на поучување на учениците треба да се приспособат на целите и потребите на учениците и целите на општеството.[2]

Критиките на концепцијата на Дјуи се упатени на преценување на можностите на учениците, како и слабата и недоволно организирана настава.

Врз основа на предностите и слабостите на претходно споменатите концепции се развива современата дидактика. Голема заслуга во насока на креирање на современиот развој на наставата му се припишува на Џером Брунер. Тој смета дека наставникот треба да ги стави учениците во позиција да решаваат проблеми, со тоа развивајќи ги нивните способности. Тој треба да го насочи вниманието од учениците кон она што е ново, непознато, при тоа користејќи ги нивните претходни знаења како основа за стекнување на нови знаења.

Според Брунер теоријата на настава треба да содржи 5 главни елементи:

1. оптимално искуство заради развивање на способноста на ученикот да учи;
2. структуирање на знаењата за да може во целост да се разберат;
3. специфицирање на основните секвенци (делови) кои треба да се научат;
4. улогата на успехот и неуспехот и наградите и казните во учењето;

[2] Вилотиевиќ, М, (1999), Дидактика: Дидактичке теорије и теорије учења, Београд: Научна књига, Учитељски факултет

5. постапки за стимулирање на мислењето.[3]

Наставниците треба да им обезбедат на учениците инструменти за откривање на односите, поврзување и логичко усвојување на содржината, наместо да им пласираат знаења во готова форма. На тој начин ќе поттикнат зголемено мисловно ангажирање и интерес од страна на учениците.

Брунер истакнува дека "Било која идеја или проблем или количина на знаење може да се презентира во доволно едноставна форма, за да може секој ученик да ја разбере во за себе препознатлив облик"[4]

Дидактичарите наставата ја дефинираат како сложен процес во кој учениците под раководство на наставникот, свесно, активно и плански стекнуваат знаења, вештини и навики, физички и психички се развиваат, формираат научен поглед на светот и се учат на самостојна работа и учење.

Наставникот е многу важен фактор во процесот на настава. При реализирање на процесот на настава, наставникот главно воспоставува однос со наставната содржина и ученикот.

Односот кон наставната содржина иако во поголема мера е одреден со наставен план и програма, тој има можности да одлучува за изборот, обемот, длабочината, а посебно за распределување на наставните содржини. Многу важна и одговорна задача на наставникот дидактичкото обликување на наставното градиво, што укажува дека можностите на наставникот да влијае на наставните содржини се големи и значајни.

Добриот наставник треба да биде стручњак во наставната област која ја предава, и секако треба да има добра педагошка и дидактичко – методичка култура. Ако ги задоволува овие услови , тој ќе умее да го приспособи наставното градиво со цел ученикот подобро и полесно да го усвои при тоа не наредувајќи му на ученикот, туку соработувајќи со него. Соработката со ученикот не значи само да се сослуша

[3] Вилотиевиќ, М, (2000), Дидактика: организација наставе, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет. (стр. 142)

[4] Вилотиевиќ, М, (1999), Дидактика: Дидактичке теорије и теорије учења, Београд: Научна књига, Учитељски факултет. (стр.246)

ученикот, туку и да се прифатат некои негови предлози ако се добри, или ако не се прифатат од страна на наставникот да му се објасни зошто.

Доколку однесувањето и стилот на работа на наставникот не се во доволна мера условени од работата и однесувањето на учениците, тогаш нема интеракција, а наставниот процес мора да биде интерактивен процес. Влијанието на учениците во процесот на настава е неминовен, важно е колку наставникот го прифаќа и уважува тоа влијание.

Бројни истражувања потврдиле дека наставникот кој се однесува соработнички (т.н. демократски стил на раководење) постигнува многу повеќе успех во воспитно – образовната работа.

Стилот на работа на наставникот, како и суштината на наставата, непосредно зависи од содржините кои се обработуваат. Колкав обем и сложеност на наставен материјал ќе планира да обработи на некој наставен час, колку ќе оди во длабочина, како ќе биде организиран часот, кои наставни методи и средства ќе ги употребува, наставникот одлучува врз основа на содржината. Наставното градиво има важно влијание врз наставникот и неговата работа.

Наставникот треба да знае да ги постави наставните цели и задачи во процесот на настава, да знае што треба да работи и каков треба да биде резултатот од неговата работа. Целите му служат на наставникот да ги провери резултатите, и доколку не се според очекувањата да се корегира, да примени поефикасни методи и постапки со цел да се остварат поставените цели.

## 2. Функции и задачи на наставникот во современата настава

*Училиштето вреди толку колку што вреди наставникот. Заради тоа зголемувањето на наставниковото образование е прв дел на секоја училишна реформа.*

Дистервег

За наставникот, неговата улога, за вредностите на воспитно – образовната функција, често пати се дискутирало. Разните мислења по однос на ова прашање се давани во различни периоди, на различни степени на развој и во рамките на разни општествени системи, меѓутоа сите тие мислења имаат нешто заедничко, а тоа е дека наставникот зазема едно од најзначајните места во процесот на воспитание и образование. Неговото влијание во обликувањето на младата личност е незаменливо, па затоа често се вели: каков е наставникот, такво е и училиштето. Ова тврдење секако дека нема намера да ги отфрли или омаловажи и останатите фактори. Познато е дека не би имало добро организираната работа и успех во училиштето, ако не постојат соодветни услови за работа. Меѓутоа исто така треба да се напомене дека и најсовремената опрема за работа без наставник е бескорисна, бидејќи наставникот е тој кој ја става таа опрема во функција.

Наставничкиот позив спаѓа меѓу оние ретки позиви кај кои човекот и покрај добрата стручност, може да се соочи со потешкотии во работата, доколку нема наклонетост и смисла за работа со воспитаници кои покрај тоа што треба да ги образува, во иста мера треба и да ги воспитува. За таков вид на дејност не е доволно само високото образование иако е пресудно за постоење на квалитетна и ефективна работа на наставникот. Сепак понекогаш преовладува сфаќањето дека поважен е пристапот, умеењето да се разбере и почитува оној кој што се образува и воспитува.

Работата со младите од наставникот бара постојано да е активен, борбен и во тек со иновациите кои се внесуваат во наставниот процес.

Функциите на наставникот можеме да ги разгледуваме од два аспекти: - од аспект на традиционално, класично училиште и сегашно училиште, односно училиште на иднината, модерно училиште.

Во традиционалното училиште наставникот бил посредник помеѓу наставните содржини и ученикот. Тој бил единствен организатор на воспитно - образовната работа, а односот на релација наставник – ученик би заснован врз хиерархиски начела. Ученикот бил во подредена положба.

Модерното училиште бара и модерен наставник.

Бројни се функциите на наставникот во училиштето во сегашноста и иднината. Да истакнеме некои од нив:

- организатор на воспитно – образовниот процес;
- режисер на наставата;
- аналитичар на сопствената и работата на другите;
- градење на соработнички однос;
- креатор на сознајните особини на ученикот;
- рационализатор;
- иницијатор;
- истражувач;
- пребарување и давање на информации и инструкции;
- ментор;
- прилагодувач;
- регулатор и програмер на процесот на учење.

Пред современиот наставник има широко поле на задачи кои треба да ги реализира, а тоа се:

- новите наставни содржини;
- нови методи, облици и и техники на наставна работа;
- нова функција на наставникот и ученикот;
- користење на разновидни извори на знаење;
- оспособување на ученикот за перманентно образование.

Од овој преглед може да се воочи дека никаде не се спомнува улогата на наставникот како поучувач, но затоа неговата функција како организатор и координатор е дадена во најразлични облици.

За да може наставникот да одговори на новите и зголемени барања на сегашното и идно време, од него се бара:

- добро познавање на својата струка;
- да има дидактичко – методички знаења;
- да го познава когнитивниот, емоционален и социјален развој на учениците;
- да сака деца;
- да има рзвиени инерперсонални односи;
- способност за создавање на поволна педагошка клима во ученичкиот, наставниковиот и родителскиот колектив;
- разновидност во воспитно – образовната работа;
- да си ја сака својата работа.

Наставниците постојано треба да се усовршуваат, да го надградуваат своето знаење и перманентно да работаат на своето стручно усовршување и образување. Наставникот секогаш треба да биде нов, неповторлив и современ. Наставникот е стручен, педагошки и организациски раководител кој има координаторска, планска и педагошка функција. Тој заедно со учениците го моделира наставниот процес.

Промената на улогата на наставникот и неговата подготвеност се едно од најзначајните прашања поврзани со модернизацијата на образованието. Наставникот се повеќе треба да биде организатор, создавач и координатор, а се помалку еден од најважните и неприкосновени извори на информации и влијанија. Тој има незаменлива улога во процесот на модернизација на воспитно-образовната работа во училиштето. Наставникот е главен носител на примена на иновации во областа на наставата, кои ги излага пред учениците со кои работи.

Во таа смисла наставниците треба:

- да ја разберат предложената промена;

- да ја прифатат промената како сопствена желба;
- да бидат барем минимално подготвени за одредена промена или да им се овозможи помош при нејзина реализација;
- да им биде јасна сопствената улога во процесот на иновации;
- да можат за релативно кратко време да ги согледаат ефектите од промените;
- да можат самостојно да воведат и нови елементи во одредена иновација, но да се во склад со глобалната стратегија;
- да бидат редовно информирани за намерите и тековите на промени.

Покрај стратегиите што се користат во конкретни сфери или типови задачи, наставниците можат да им ги покажат и да ги подучат учениците на општите вештини на учење и стратегиите на задржување на знаењата, какви што се: преслушување (повторување на материјалот за негово подобро запомнување), разработка (преточување на материјалот во сопствени зборови и негово поврзување со претходно стекнати знаења), организација (скицирање на материјалот со цел да се појасни неговата структура и да се запомни), следење на разбирањето (водење евиденција за стратегиите користени во изградувањето на разбирање, како и за степенот на успехот остварен со нивна помош и приспособување на стратегиите согласно постигнатиот успех), следење на постигнуваниот ефект (одржување на концентрацијата и сосредоточеност врз задачата, сведување на најмала можна мерка за загриженоста при извршувањето на задачите и на стравот од неуспех).

Кога се даваат повратни информации додека учениците работаат на задачите, или при последователни разговори, наставниците можат да поставуваат прашања или да даваат коментари што ќе им помогнат на учениците да го следат своето учење и да размислуваат за него. Таквото следење и размислување би требало да се насочува не само врз содржината што се учи, туку и врз стратегиите што учениците ги користат за да ја обработат содржината и да ги решат проблемите. Тоа ќе им помогне да ги усовршат своите стратегии и посистематски да го насочат своето учење.

Потребата на денешните ученици е да бидат активни учесници во наставниот процес, не да добиваат знаења во готова форма, туку да се оспособат сами да ги

конструираат сопствените знаења. Училиштето треба да создаде услови за тоа, а наставниците треба да им обезбедат на учениците инструменти за откривање на односите, поврзување и логичко усвојување на содржините, на тој начин поттикнувајќи нивна зголемена мисловна ангажираност и интерес.

## 3. Процесот на поучување

Наставата како процес може различно да се анализира, во зависност од начинот на пренесување на знаења и водење на учениците, од нивната возраст, организацијата на општествениот живот и социјалната клима во одделението, од природата на наставниот предмет и наставната содржина, од примената на соодветни методи и техники како и од интересот и мотивот на учениците.

Наставата ја сочинуваат оние кои поучуваат-наставниците и оние кои учат-учениците.Според тоа наставата може да се разгледува од аспект на активноста на наставникот- поучување и од аспект на активноста на ученикот-учење. Според тоа наставата може да се окарактеризира како единство помеѓу поучувањето и учењето и нивната меѓусебна поврзаност. Поучувањето е воведување на учениците во процесот на учење, планирано пренесување на наставните содржини, поттикнивање и насочување на интелектуалните способности на учениците.

Различните барања во поглед на наставните содржини наметнуваат и различни облици, методи и средства за нивна реализација. Благодарение на флексибилноста и еднинството на поучувањето и учењето секој пат може да имаме различен облик и организација на наставата која исто така може да се дефинира како процес на организирано и меѓусебно испреплетено поучување и учење, што би значело дека учењето на учениците во наставниот процес постојано е под влијание на разновидните активности на наставникот. Тој треба да утврди како, на кој начин ќе поучува и како ќе учат учениците, кои методи , форми и средства ќе ги применува во текот на наставата, да го испланира времето за одделните активности, начинот на мотивирање и поттикнување на учениците, согледување на можностите на учениците итн. На тој начин наставникот ги планира и создава сите објективни и субјективни услови за ефективна настава и во исто време го гради сопствениот стил на поучување, стремејќи се кон остварување на основната цел на наставата да му овозможи на секој ученик да напредува во саканиот правец.

**Главни показатели на процесот на поучување се:**

- времето поминато во процесот на настава (училишна работа)
- приспособеност на поучувањето со когнитивниот развој на ученикот
- јасни очекувања од исходот од поучувањето.

Во таа смисла, секој успешен наставникот треба да поседува одредени знаења, вештини, ставови и очекувања за организацијата (планирањето), текот и повратните резултати од наставниот процес.

Доброто поучување подразбира:

- Донесување одлуки,
- Знаење за себе и саморегулација (самоконтрола),
- Примена на резултати од истражувања,
- Познавање на наставниот предмет и начинот на предавање,
- Покажување ентузијазам и интерес за предметот,
- Изразување на јасни цели и очекувања,
- Покажување уверување во можноста учениците да го совладаат градивото,
- Критичко размислување и способност за решавање проблеми,
- Познавање на ученикот и неговиот начин на учење,
- Вештина на предавање и комуникација[5]

Како што учениците преферираат да учат по одредени сопствени стилови на учење и наставниците имаат сопствени стилови на предавање односно поучување. Повеќето наставници станаа свесни за нивните поединечни стилови и настојуваат да предаваат на начин поолеснителен (поприфатлив) за што е можно повеќе ученици.

Поучувањето на учениците подразбира критичко мислење - согледување на ситуацијата, откривање на проблемот и испитување на можните решенија. Во таа смисла улогата на наставникот е да умее:

[5] Иванов, Л. Поучавање, Задар: Одјел за психологију, Свеучилиште и Задру.

- Да ги мотивира учениците,
- Да управува со училницата,
- Да ги испитува предзнаењата на учениците,
- Способност за пренесување идеи,
- Да ги има во предвид карактеристиките на учениците,
- Да го проценува исходот од учењето,
- Прегледување на исходот од учењето.[6]

Основна цел на денешното современо образование е да обезбеди квалитет во наставата и во воспитно – образовниот процес воопшто, кое што е невозможно да се реализира без соодветни кадри кои ќе се способни да одговорат на поставените современи барања.

Училиштето е неодвоив дел од општественото опкружување, а наставата претставува процес на формирање на општествениот живот. Развојот на ученикот кој настанува од реконструкција на образовните искуства, треба да биде насочуван кон општествена ефикасност. Наставникот треба да му служи на општеството преку подготвување односно продуцирање на ученици кои ке бидат носители на општествениот развој.

Наставните програми, организацијата и облиците на поучување треба да се приспособат на целите и потребите на учениците и целите на општеството.

[6] Иванов, Л. Поучавање, Задар: Одјел за психологију, Свеучилиште и Задру.

## 4. Видови стилови на поучување

Една од дефинициите за наставата е дека тоа е процес на организирано и меѓусебно испреплетено поучување и учење. Наставникот преку сопствениот стил на поучување влијае врз поттикнување и организирање на потребните активности на учениците за совладување на наставните содржини. Всушност улогата на поучувач (изведувач, реализатор на наставата), е една од најсуштествените улоги на наставничката професија.

За степенот и успешноста во совладувањето на наставниот материјал од страна на учениците, од клучна важност е начинот на кој им се пренесуваат наставните содржини, кои методи ги користат наставниците за таа цел, но секако и залагањето, интересот, и самостојната работа на учениците.

Наставникот треба да им помогне на учениците да се запознаат и изразат себе си, да изградат свој личен идентитет и да се самоактуелизираат.

Сите наставници имаат развиено стил на поучување базиран на нивното верување за тоа што содржи доброто поучување, личните предности и способности, како и нормите на нивната одделна дисциплина со која се занимаваат.

Некои наставници веруваат дека учениците треба да бидат насочени кон предавачот, при што предавачот е експерт и автотитет во презентирањето на информации. Други сметаат дека улогата на наставникот е повеќе координативна при што им го олеснува учењето на учениците.

Погрешно би било да се каже дека има неправилни или погрешни стилови на поучување. Повеќето наставници веруваат во тоа дека нивниот стил на поучување е правилен, а секој друг е погрешен.

Како што учениците поседуваат индивидуални стилови на учење, така и наставниците имаат свои стилови на предавање што сметаат дека се најдобри за нив. Важно е да се биде свесен за сопствените предности во креирањето и давањето инструкции за време на наставата.

Стилот на поучување на наставникот го определува **карактерот на наставата**, а тој според *М-р. К. Попоски*, но и други автори кои дале класификација на наставниците според стилот на кој ја изведуваат наставата (како на пр. Левин, Хопкинс, Андерсон, Драјкурс и др.), може да биде: демократски, автократски или либерален.

## 4.1. Демократски стил на водење на наставата (на поучување)

Наставникот кој практикува демократски стил на водење на наставата, најпрво обезбедува оптимални услови за развој и активно учество на секој ученик во сите етапи на наставниот процес. Почнувајќи од: утврдување на целта, планирање на заедничката работа и реализацијата, па се до утврдување и усвојување на критериумите за вреднување на постигањата.

Наставникот кој го поседува овој стил на поучување, секогаш е подготвен за соработка како рамноправен член на групата, покажувајќи разбирање за потребите, потешкотиите, способностите на учениците и со нив ја дели одговорноста за се што прават заедно.

Учениците кои слушаат настава водена на демократски начин се стекнуваат со самостојност, се чувствуваат самоодговорни, пројавуваат повеќе самоиницијативност и кооперативност, со поголема спонтаност ги пројавуваат своите интереси, желби, тешкотии, проблеми и емоционални доживувања.

Погрешно би било сфаќањето за демократскиот стил на водење на настава дека е неефикасен, дека владее хаос а не ред ит.н, бидејќи демократска атмосфера не е онаа во која секој има слобода да прави што сака.

## 4.2. Автократски стил на водење на наставата (на поучување)

Автократскиот стил за водење на наставата е спротивен на демократскиот стил. Овде наставникот е центар на сите активности во наставниот процес, тој

одлучува што ќе се работи за време на часот и тој управува со неговото реализирање.

Ваквиот тип на наставник е активен само кога носи одлуки или дава задачи, а потоа како да се повлекува и стои настрана од групата која има задача да ги изврши неговите барања. Со својот наметнат авторитет од учениците бара безусловна послушност и безрезервна доверба. Ваквиот наставник често се опишува како: моќник со нагласено строго оценување, остар глас, кој врши притисок, го наметнува своето мислење и најголем дел од часот определува за своите предавања, објаснувања, совети и сл.

Може да се заклучи дека автократското однесување е круто, не ги уважува иницијативите, потребите, желбите на учениците. Тие често поради создадените хиерархиски односи во одделението, се чувствуваат подредено и фрустрирано, а во одредени ситуации може да манифестираат облици на апатија, агресивно однесување и сл.

### 4.3. Либерален стил на водење на наставата (на поучување)

Либералниот стил на водење на наставата уште е познат и како стил на потполна слобода, бидејќи наставникот има сосема пасивна улога, давајќи им целосна слобода на учениците да ги искажат и задоволат сопствените желби и интереси. Наставникот дава само информации и неопходна помош, не пројавува никаква иницијатива, дури не врши ни оценување на постигнувањата.

Меѓутоа, важно е да се напомене дека ваквиот стил на поучување не наоѓа поширока примена во образованието, освен во ретки или експериментални прилики или кај тотално неодговорни и неспособни наставници.

Иако во наставната практика се уште доминира автократскиот стил на водење на наставата, сепак тешко е да се заклучи кој стил треба да се преферира. За да се премине од автократско кон демократско раководење на наставниот процес или обратно треба да умееме да ја надминеме главната пречка стои на тој пат, а тоа е да сфатиме колку е тешко успешно да се поучува.

Постигнувањата на учениците се поголеми доколку се поучувани и контролирани од наставниците, отколку кај оние кои се препуштени сами на себе и кои малку работат заедно со наставникот.

Наставникот кој активно го поучува и контролира учениците постигнува многу подобри резултати со нив, од оној кој работата повеќе им ја препушта на самите ученици.

Заради сложеноста, богатата и разновидна содржинска структура, улогата на поучувач на наставникот може а се разгледа преку следните акпекти:

- Улога на информатор – извор и пренесувач на знаења
- Улога на водач, насочувач и координатор на наставниот процес
- Улога на партнер во педагошката комуникација.[7]

Во таа смисла ќе ја наведеме и поделбата која што ја прави Фурлан и Драго Пантиќ. Фурлан зборува за 3 типа на поучувачи (наставници):

1. **Рутинери** – наставници кои низ сопствената практика ги задржуваат и усовршуваат нивните постапки за кои тие сметаат дека се успешни, не трудејќи се да применат нови начини на поучување.

2. **Иноватор и експериментатор** – наставник кој никогаш не е задоволен со својата работа и постојано трага по нови и подобри начини на поучување. Со тоа што секогаш е подготвен на промени ваквиот тип на поучувач има предност над рутинерот, а учениците се навикнуваат на еластичност во учењето.

3. Најголем број наставници според Фурлан се наоѓаат меѓу овие две крајности, тие наставници поучуваат и како рутинери и како истражувачи во зависност од околностите и можностите на учениците.

[7] Поповски, К, (1998), Успешен наставник, Скопје: НИРО Просветен работник (стр.132-135)

Драго Пантиќ исто така наведува три типа на поучувачи:

- творец, рутинер и импровизатор.

Доколку се споредат неколку типологизации на поучувачи дадени од различни автори, ќе се заклучи дека во голема мера меѓусебно се согласуваат.

Односно, сите воглавно зборуваат за:

- рутинско или вообичаено изведување на наставата
- наставник – самоконтролор и
- наставник – истражувач.[8]

Наставникот постојано треба да следи и критички да процени колку успешно и логички ја осмислува содржината на секој наставен час преку планот кој што го изработува за секоја наставна единица.

Наставниците не може да очекуваат конкретно разработени стилови на поучување кои ќе можат како готов модел да ги применуваат во процесот на настава.

Процесот на поучување и учење е мошне сложен, па според тоа не може да се дадат конкретни решенија за сите наставни ситуации. Наставниците треба постојано да се оспособуваат, едуцираат и надградуваат во насока на воопштување на теоријата која е предвидено да ја обработуваат и самостојно да создаваат свои модели односно стилови на поучување со кои перманентно ќе ги решаваат сите проблеми со кои се соочуваат во наставата. Покрај тоа, многу е важно да следи и да согледува со кои наставни облици, методи и постапки во дидактичката артикулација на часот постигнува поефикасни резултати кај поголемиот број на ученици. Секако дека за тоа треба да имаат големо стручно и емпириско знаење.

[8] Поповски, К, (1998), Успешен наставник, Скопје: НИРО Просветен работник. (стр.82-83).

## 5. Унапредување на наставата и учењето

Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија кое се однесува за периодот од 2005-2015 година, а е издадена од Министерството за образование и наука на Р.М., ги предвидува долгорочните потреби на државата на планот на образованието и подготвеност за реализација и имплементација на идеите што во неа се содржани.

Едно од клучните подрачја на интервенции предвидени со Програмата е Унапредување на културата на живеење, а како цел на ова подрачје се јавува потребата од унапредување на наставата и учењето.

Со анализа на наставата и учењето се забележуваат низа недоследности кои ги попречуваат иницијативите и напорите за модернизација на образованието. Во рамките на настават и учењето поставена е следната состојба:

- доминација на традиционалните приоди во наставниот процес;
- фаворизирање на фактографијата и енциклопедизмот во знаењата;
- доминација на поучувачките стратегии;
- доминација на сумативното оценување, наместо континуираното и развојно аналитичко следење на напредувањето на учениците;
- отсуство на целно ориентирана настава;
- пасивен статус и положба на ученикот во наставата;
- недостаток на стандарди за ефективно училиште и квалитетна настава;
- отсуство на глобална стратегија за евалуација на ефектите од проектните процеси во образованието;
- недоволна одржливост на иновациите;
- недоволна технолошка поддршка на наставата, како и недоволна искористеност на ИКТ во процесите на настава и учење;
- невоедначени услови за учење.

Вниманието на наставниците во поголема мера е насочено кон реализација на наставните програми, а помалку се посветува внимание на ученикот. Работата на

наставникот се однесува на тоа како да ја реализира наставната единица, а не кон тоа како наставната единица влијае врз учениците, какви ефекти предизивкува кај нив планот за усвојување на знаењата, развивање на вештините и изградувањето на ставовите, како учениците ги стекнуваат тие нови знаења и вештини, кои активности ги преземаат при нивното усвојување и сл.

Во наставата доминира предавачкиот стил во работата со учениците; негување и поттикнување на меморирањето наместо учење со разбирање или учење преку решавање на проблемски ситуации; послушност наместо критичност; пасивност наместо креативност и активност; фронтална работа наместо интеракција; недоволна употреба на современи наставни средства; недоволна употреба на информациските системи и сл.

За ваквата ситуација во најголема мера влијае воспоставениот систем за вреднување на наставниците. Наставникот и неговата работа се вреднуваат само врз основа на реализираната програма, без притоа да се води сметка дали тој ги реализирал целите и предизвикал одредени промени кај учениците, т.е. без да се води сметка колку секој од нив стекнал знаења и вештини и какви ефекти тие знаења и вештини предизвикале кај него. Успешноста на наставникот се мери преку постигнувањата на учениците. Меѓутоа ретко се проверуваат и оценуваат способностите, ставовите, интересите и другите карактеристики на личноста на ученикот. На тој начин целокупното оценување на постигањата на учениците се сведува само на реализација на материјалната задача на наставата, а се занемарува функционалната и воспитната.[9]

[9] Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, стр. 38-39

# 6. Професионално усовршување на наставниот кадар

Еден од условите за успешно извршување на сложената улога на наставничката професија е стручната оспособеност на наставникот која се стекнува во текот на базичното образование, а се надоградува во текот на целиот работен век. Наставникот мора да е оспособен сам да создава ново знаење, да ги открива специфичностите на сите одделни ситуации во одделението, ако сака квалитетно да го изведува и насочува наставниот процес. Ако се земе во предвид фактот дека по неколкугодишното искуство наставниците се повеќе се диференцираат по својата успешност во водењето на наставата, ќе забележиме дека: едни почнуваат да стагнираат во својот професионален развој и голем дел од својата работа успешно ја вршат благодарение на веќе стекнатото искуство и одредени вештини, кои најчесто рутински ги изведуваат; други упорно трагаат по нови и поуспешни постапки со желба да ја усовршуваат својата практика, но без посериозен ангажман за нејзино теоретско засновање, а трети напредуваат подеднакво успешно и на практичен и на теоретски план. Овде не може да се говори за сосема јасни разграничувања меѓу овие групи наставници, туку за синдроми на карактеристики кои преовладуваат кај нив.

Во дејствувањето на наставникот нема многу работи кои се повторуваат или се остваруваат со помали модификации, како што е случај во повеќе професии. Наставниот процес е многу посложен. Во него секогаш се случува нешто ново: учениците учат нови содржини, решаваат нови задачи, извршуваат разновидни мисловни и други умствени операции, доживуваат нови чувства, напредуваат на повисоко ниво, работат посложени задачи. Сето тоа се процеси кои се одвиваат во главите на учениците. Наставниот процес е жив, динамичен и не секогаш лесно предвидлив. Затоа наставникот мора постојано да се подготвува да води, насочува и контролира процеси кои се нарекуваат развоја на личноста на учениците. Сето тоа од него бара постојано да учи и професионално да напредува. Во воспитно образовната дејност наставникот е најзначајниот носител на квалитетот на наставниот процес.

Подигањето на квалитетот на наставниот процес, императивно ги поставува новите насоки кон кои треба да да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја. Во таа смисла наставничките кадри се наоѓаат во центарот на современите настојувања за подобрување на квалитетот и подигање на ефикасноста на наставата. Притоа барањата кои произлегуваат од местото и улогата на наставникот на преден план ја истакнуваат неговата квалификуваност, односно оспособеност за почитување, познавање и аплицирање на современите сознанија од сферата на воспитно – образовната теорија и практика.

Со оглед на тоа дека формалното образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, како и со оглед на брзото застарување на сознанијата (стекнати за време на формалното школување) очигледна е потребата од новини во системот за професионално усовршување на наставниците. Во таа смисла, се очекува квалитетот и успешноста во работата на наставниците се повеќе да биде продукт на нивната вистинска оспособеност, т.е. квалификуваност и подготвеност за перманентна образовна мобилност.

Во таа смисла Министерството за образование и наука на Р.Македонија, покрена иницијатива за спроведување на разни проекти кои преку стручни и професионални компетенции ќе придонесат за одвивање на иницијалното образование за наставниците и нивно професионално усовршување. Во таа смисла од големо значење е придонесот на невладинот сектор и приватните и меѓународни иницијативи за исполнување на оваа задача.

Образованието и обуката на наставниците во средното образование, во голема мера се засилени со вклучувањето на меѓународните фондации и институции, пред се: ФАРЕ, КАРДС програмата, УСАИД и ФИООМ.[10]

[10] Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, стр. 41

## 7. Проект СЕА – Активности во средното образование - Проект за модернизација на образованието

Последнава деценија во Р.Македонија се реализираат повеќе проекти кои се во функција на реформските зафати во средното образование. Нивната цел е модернизација за образованието преку опремување на училиштата со современи наставни помагала, обуки на наставниците за водење активна настава со современи наставни техники и со користење на информатичко-комуникациска технологија, како и применување на модели на континуирано оценување и самооценување на учениците.

Проектот СЕА – Активности во средното образование – компонента за стручно усовршување е дел од програмата на УСАИД за унапредување на средното стручно образование во Република Македонија, која започна да се имплементира во училиштата кај нас од учебната 2004/2005 година, а беше поддржана од Министерството за образование и наука.

Оваа програма на наставниците од средните училишта им даде можност за развивање на нивната компетентност за изведување на активна настава во нивната работна практика. Активностите од СЕА – проектот беа обработувани преку 4 Модули, кои обезбедија стратегии за помагање на учениците да станат поактивни учесници во наставата, базирани на учење преку проекти, преку поврзување со заедницата или преку активности на работни места.

Стратегиите се засновани врз база на научно знаење за тоа како луѓето најдобро учат и како да им се овозможи на учениците да си ги подобрат вештините за учење, мислење и комуникација. Во исто време наставниците да научат да применуваат ефективни стратегии во училницата и објективно да ги оценуваат знаењето и вештините на учениците, односно да им помогнат на учениците самите да го оценуваат напредокот во постигањата, што е клучно при нивното ангажирање во активното учење.

МОДУЛ 1 – Учење во училница

Овој модул, на наставниците од средните училишта, им дава можност за развивање на нивната компетентност за изведување на активна настава во нивните училници. Активностите во рамките на SEA пректот – Активности во средното образование ќе обезбедат дополнителни стратегии за помагање на учениците да станат поактивни учесници во наставата, базирана на учење преку проекти, преку поврзување со заедницата или преку активности на работни места.

Стратегиите презентирани во овој модул се засноваат на научно знаење за тоа како луѓето најдобро учат и како да им се овозможи на учениците да си ги подобрат вештините за учење, мислење и комуникација. Преку проучување на овој модул, наставниците од средното образование ќе научат да применуваат ефективни стратегии во училница и објективно да ги оценуваат знаењето и вештините на учениците. Тие ќе научат и како да им помогнат на учениците самите да си го оценуваат напредокот на постигањата, што е клучно при нивното ангажирање во активното учење.

Во рамките на модул 1 се разработени следните активности:

- Креирање на образец на планирање за час со следење упатства;
- Развивање критичко размислување со помош на Мрежа на дискусија и дебата;
- УПФТ: Креирање на автентични пишани задачи со помош на Улога, Публика, Форма, Тема;
- Развивање активно учење со помош на УПЦУ (Ученички прашања за целисходно учење);
- Изготвување листи за аналитичко оценување во училница.

Секоја од претходно наведените активности од овој модул при нивна реализација минуваат низ 3 фази: - активирање на претходното знаење; создавање значење и вреднување и примена.

Активностите од Модул 1 се разликуваат од традиционалните приоди по неколку работи. Прво, тие бараат сите ученици да станат активни учесници во училницата. Со овој метод на активна настава, учениците учат преку организирање и поврзување на важни информации, решавање проблеми и размислување за тоа што научиле, наместо само пасивно да ги слушаат предавањата на наставниците. Учениците во активните училници често работат во парови и во групи, што им овозможува да разменуваат идеи и да градат вештини за учење преку соработка. Во активната настава наставниците стануваат олеснувачи на наставниот процес, наместо да бидат главен извор на информации за учениците, а учениците се подучуваат сами да го оценуваат сопствениот процес на учење, и да поставуваат цели за себе и за своите групи.[11]

МОДУЛ 2 – Учење преку проекти

Овој модул предвидува за наставниците учење на стратегии што содржат истражување, соработка и кои го нагласуваат критичкото размислување додека работат со своите ученици. Овие способности ја олеснуваат успешната примена на учењето засновано врз проекти, метод со чија помош наставниците ја организираат наставата, односно го применуваат наставниот план ориентиран кон ученикот, со цел да го поттикнат активно да учи и да го надоградува она што го интересира.

Овој метод на учење се стреми да создаде нова наставна практика што ќе биде одраз на средината во која живеат и учат учениците. Воведувајќи контексти од реалниот живот во наставата со помош на пристапот наречен “учење засновано врз проекти”, учениците се поттикнуваат критички да размислуваат, да станат самостојни работници и луѓе што ќе учат цел живот.

Во рамките на Модул 2 се разработени следните 4 активности:

- Самопрашување;
- Дневник во две колони;
- Соработка и комуникација – Користење структурирани академски расправи;

[11] Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 1, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, ноември 2005

- Истражувачки процес.

Секоја од претходно наведените активности од овој модул при нивна реализација минуваат низ 3 фази: - активирање на претходното знаење; создавање значење и вреднување и примена.

Учењето преку проекти може да им помогне на наставниците да создадат ефикасна наставна атмосфера во училницата, каде што и наставниците и учениците заедно воспоставуваат кохерентна заедница за учење, фокусирана на постигнување успех, усовршување и придонесување кон поширокате заедница.

Стратегиите во модулот 2 се практични, ефикасни активности кои помагаат вниманието да се префрли од вообичаеното помнење податоци и совладување содржини под раководство на наставникот кон обработка на податоците од страна на учениците. Учењето засновано врз проекти е стратегија за настава и учење што ги ангажира учениците во комплексни активности. За разлика од традиционалниот пристап, методите засновани врз проекти им овозможуваат на учениците да соработуваат со други ученици и со менторите во средина ориентирана кон ученикот, каде што учениците се поттикнуваат да истражуваат различни интересни теми.[12]

МОДУЛ 3 – Учење преку заедница

Овој модул отвара можности за средното стручно образование и за креативните наставници повторно да го поврзат своето училиште со локалната заедница. На училиштето не треба да се гледа единствено како на образовна институција, туку и како на богат, специфичен ресурс што може да се искористи за зајакнување на општествената и економска заедница. Учењето преку заедницата им помага на младите луѓе да се развијат во активни граѓани.

Пристапот на овој модул се разликува од традиционалните наставни методи на повеќе начини. Тој ја поттикнува тимската работа меѓу учениците, наставниците

[12] Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 2, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, ноември 2005

и членовите на заедницата: тие разменуваат информации и дискутираат за прашања од заеднички интерес. Овој пристап исто така им дава можност на учениците за експериментално учење, а не само за учење во училница, и ја зголемува релевантноста на работата во училницата бидејќи се учи треку активности.

Во рамките на Модул 3 се разработени следните 4 активности:

- Развивање на критичко мислење со помош на Водич за очекување/реакција;
- Техники за интервју;
- Водење, анализирање и толкување на истражувањето со помош на усна историја;
- Градење партнерства меѓу училиштето и заедницата.

Секоја од претходно наведените активности од овој модул при нивна реализација минуваат низ 3 фази: - активирање на претходното знаење; создавање значење и вреднување и примена.

Учењето преку заедница претставува широк збир од стратегии за настава/учење што им овозможува на младите и на возрасните да го учат она што сакаат да го учат од сите сегменти на заедницата. Учењето преку заедница опфаќа учење преку давање услуги, учење преку искуство, соработка, стажирање на младите, доживотно учење.

Стратегиите поттикнуваат таков пристап кон учењето преку кој учениците ги применуваат своите училишни и стручни вештини и знаења со цел да се зафатат со решавање на ситуации од реалниот живот или работата и да развиваат ставови, вредности и однесувања што ќе им помогнат да станат информирани и продуктивни работници. Исто така им се дава можност да ја усовршуваат способноста за критичко размислување и за решавање проблеми, со што стануваат поподготвени за планирање на кариерата и за напредување.[13]

[13] Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 3, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, април 2006

## МОДУЛ 4 – Учење преку работа

Овој модул им дава можност на наставниците да го планираат и да го организираат наставниот процес така што учениците ќе можат да учат преку извршување определени задачи. Овој метод на настава ќе им овозможи на учениците да ги развиваат своите вештини, способности и работни активности по пат на непосредно извршување на определени задачи кои ќе им обезбедат побрзо и поуспешно вклучување на работното место. Со цел да се организира начин на настава кој ќе биде активен, насочен кон решавање на проблеми, истражувања, ориентиран кон ученикот, наставните средства треба да даваат можност за развивање на соработката и самостојноста. За да се организира таков начин на настава, наставникот треба да подготви разновидни часови, да биде флексибилен и да води сметка за потребите на учениците и за нивната способност за учење.

Во рамките на овој модул се разработени следните 4 активности:

- Самооценување;
- Водење ученички дневник;
- Користење визуелни помагала за извршување на задачите и за разбирање на текстовите;
- Играње улоги.

Секоја од претходно наведените активности од овој модул при нивна реализација минуваат низ 3 фази: - активирање на претходното знаење; создавање значење и вреднување и примена.

Овој модул ќе им помогне на наставниците да планираат и да организираат таков наставен процес што ќе им овозможи на учениците самостојно да ги извршуваат дадените задачи и да бидат пофлексибилни кон промените. Ова ќе им помогне на учениците активно да се вклучат на пазарот на трудот и полесно да се вклопат во работната средина по завршување на средното образование.

Искуствата покажаа дека по завршување на проектната фаза, сериозен проблем претставува одржливоста на иновациите и нивното спонтано вградување во наставниот процес. Покрај инертноста и отпорноста кон промени кои се присутни

кај некои наставници, веројатно една од причините за ваквата состојба е и некоординираноста на различните проектни активности.

Во наставата доминираат традиционални техники, кои во голема мера ги пасивизираат учениците, за сметка на доминантната улога на наставникот. Автократскиот стил на поучување е најчесто применуван, што придонесува се во недоволна мера да се користат техниките на интеракција и активно учење.

Примената на современи облици на наставна работа кај наставниците во последно време се зголемува, но не доволно. Ваквата состојба го отвора прашањето за подготвеноста и оспособеноста на наставниот кадар за примена на современи техники на настава и учење.

Наставниците во својата работа треба да користат наставни методи и форми кои се флексибилни, кои не се насочени кон давање готови знаења, туку кон оспособување за самостојно учење и за користење информации: развивање способности за воочување, идентификување, дефинирање проблеми, формирање методи, умеење и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија, поттикнување на љубопитноста и интересот кај учениците.[14]

[14] Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 4, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, јуни 2006

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Значење на истражувањето

Во последните неколку години во поразвиените земји особено време се посветува на следењето и анализирањето на наставната работа. Наставниот процес е предмет на постојано следење на следниве негови компоненти: подготовка, организација, текот на процесот на учење, заостанувања или пречки во наставниот процес, кои методи и постапки даваат поголеми резултати. Нема квалитетно образование без квалитетен наставен кадар. Нивото на квалитет на воспитно – образовната работа во најголема мера зависи од степенот на стручна оспособеност на воспитно – образовните кадри, од нивната мотивираност за работа, од желбата за развој и усовршување. Ниту еден образовен систем не може да биде успешен без неговите креатори и реализатори.

Предмет на наш интерес во овој труд е една од најсуштествените улоги на наставничката професија, а тоа е улогата на поучувач т.е. изведувач и реализатор на воспитно – образовната работа, потешкотии кои се јавуваат во текот на реализирањето на наставата како и мерки за нивно успешно надминување.

Овде посебно ќе се задржиме на стилот на кој предава, односно поучува еден професор, методите и формите на работа кои ги употребува во рамките на сопствениот стил на поучување, утврдување на разните стилови на поучување кои се среќаваат во процесот на настава, како и кој стил на поучување е доминантен. Наставните методи, форми, средства и постапки кои наставникот ги применува во наставната работа, ако се сфатат во поширока смисла, ја определуваат суштината и важноста на стилот на кој поучува наставникот.

За истражување на оваа појава е применета квантитативната техника анкетирање, со што се испитаа личните ставови и мислења од наставниците и

учениците како директни учесници и креатори на воспитно– образовниот процес во средните училишта.

Согледувајќи ги ставовите на наставниците се дојде до сознанија за нивниот стил на поучување, односно реализирање на наставата (автократски, демократски, либерален), формите, методите, средствата кои ги употребуваат во процесот на настава, дали и до кој степен активно ја водат наставата преку непосреден и интерактивен однос со учениците што претставува главен имератив на концепцијата и поставеноста на современото образование, колку за тоа им помагаат и ги применуваат сознанијата стекнати од нивното учество на соодветно организираните семинари, до кој степен е развиена нивната мотивираност за работа и од што таа главно зависи, ќе се согледаат потешкотиите со кои се соочуваат во текот на нивната работа, како и предлог мерки за нивно успешно надминување итн, а се со цел за поквалитетен и поефективен воспитно – образовен процес.

Од друга страна се испитаа ставовите и мислењата на учениците, што секако е од големо значење, бидејќи учениците се тие кои го даваат повратниот резултат од работата на наставниците.

Денешните ученици живеат во еден мултимедијален свет, каде протокот на информации и случувања се одвиваат со забрзано темпо, па често на часовите се случува да се јави чувство на монотонија и конфузија, што своевидно повлекува намален интерес за совладување на наставната материја, немотивираност, слаб успех, намалена дисциплина, отсуство од настава и сл.

Од мислењата на учениците ќе согледаме со кои проблеми и потешкотии најчесто се соочуваат во текот на наставниот процес, што според нив треба да се промени, со цел да се подигне ефективноста во усвојувањето на знаења, умеења и вештини и како тоа да се направи, односно и учениците своевидно ќе дадат предлог мерки за поуспешна настава и учење.

На крај преку компаративна анализа на ставовите од наставниците и учениците се согледаа евентуалните проблеми и спротивности кои постојат, а главната цел е дефинирање на конкретни модели на дејствување за нивно надминување кои

спонтано ќе бидат иницирани од нив самите како главни и носечки субјекти во процесот на наставата.

## 1. Избор на проблем за истражување

Брзите и динамични социо – економски, социо – културни, едукативни и други процеси кои на некој начин повеќе или помалку имаат влијание и на едукациските науки, како во теоријата, така и во практиката. Ако практиката претставува верификатор на теориските сознанија и опсервирања, тогаш императивно во создавањето на најмладата и младата личност во современите и динамични услови, бара и модерен, современ, квалитетен и актуелен наставник. Значи, станува збор за креативен наставник со мултипликативни функции и улога.

Ваквата улога и функција што ја има современиот наставник на денешното училиште е мошне комплексно, актуелно и суптилно прашање. Впрочем, ова прашање го иницираат и современите тенденции во развитокот на системот на воспитанието и образованието кај нас. Во современите демократско – плурални процеси и односи се иницира прашањето од потреба од едукативниот систем; систематски и мошне солидно да ги следи модерните текови, процеси и движења, напредокот на образованието, науката, културата и технологијата, а се со цел за успешна апликација на иновативните зафати и процеси. Наставникот во едукациските процеси треба да претставува активен субјект и креатор на сите прогресивни едукативни текови и современите тенденции за нивно успешно апплицирање во секојдневната воспитно – образовна и наставна практика.

Понекогаш наставниците ќе речат: “Јас така учев, па според тоа и моите ученици треба да учат така”. Треба да се има во предвид пред се дека во времето кога учеле денешните наставници, учеле главно преку слушање, читање и пишување, а технологијата била на почетоците на својот развој. Денес децата се дел од мултимедијалниот свет уште од раѓањето. Тие не сакаат само да слушаат, туку и да учествуваат, не само да седат туку и да се движат, уште од најрана возраст кај нив се развиваат компјутерските вештини, сакаат на интерактивен начин да усвојуваат практични знаења и вештини и т.н.

Голем дел од конфликтите кои се јавуваат помеѓу наставниците и учениците потекнуваат од нивниот меѓусебен однос во процесот на поучување и учење. Во подрачјето на поучувањето наставниците најчесто превземаат авторитетна улога, не давајќи им можност на учениците активно да партиципираат, да ги искажат сопствените ставови, интереси, потреби во процесот на усвојување на знаења.

Оттука прашањето што е предмет на нашето истражување и мошне значајно и актуелно. Индивидуалните стилови и методи на поучување се еден од главните фактори кои го прават сложен процесот на учење (стекнување знаења). *Тие претставуваат однесувања или дејствија на наставниците во процесот на настава.*

## 2. Предмет на истражување

**Предмет на истражувањето:**

- Согледување, идентификација и анализа на разните стилови на поучување кои се практикуваат во процесот на настава.

Предметот на истражување ќе се проучува преку следните компоненти:

1. Методички аспект: методи, форми и средства на наставна работа;
2. Ставови и мислења на наставниците во врска со различните стилови на поучување во наставната работа и согледување на евентуалните потешкотии со кои се соочуваат;
3. Ставови на учениците во поглед на примената на разните стилови на поучување од страна на наставниците во процесот на настава.
4. Односот наставник - ученик во наставниот процес;
5. Активноста од страна на учениците за време на наставниот час.

# 3. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување

**Стил** – внесување на индивидуални карактеристики во одредена активност, што зависи од индивидуалната способност на поединецот.[15]

**Настава –** основен дел на училишната работа во кој плански и организирано се спроведува воспитување и образование на ученици според пропишан наставен план и програма; сложен процес во кој свесно, активно и според одреден систем учениците усвојуваат знаења, вештини, навики и ги развиваат своите физички и психички способности , изградуваат научен поглед на свет, се здобиваат со работни навики, ја развиваат својата култура на работење, оспособувајќи се за самообразование и комуницирање со другите луѓе.

Наставата се одвива под раководство на стручно оспособено лице, наставник. Во наставата постојат три фактора: ученик, наставник и наставно градиво (дидактички триаголник). Наставата во себе содржи образовни и воспитни цели. За нивно постигнување мошне значајна е организацијата на наставата.

**Наставни методи:** - целесообразни начини на заедничка работа на наставникот и учениците во текот на наставниот процес преку кои учениците стекнуваат знаења, вештини и навики и ги развиваат своите психофизички способности. Познати се многу наставни методи меѓу кои најзначајни се: метод на усно излагање, метод на разговор, метод на работа на текст, методот демонстрација, лаборатористичкиот метод, методот на графички работи. Од изборот и примената на наставните методи зависи остварувањето на задачите на воспитно – образовната работа во наставата.

**Форми на настава** – општи надворешно организациони облици на наставата, определени од суштината, задачите и принципите на наставата, посебно од специфичноста на меѓусебните односи меѓу наставниците, учениците и наставното градиво во определена дидактичка ситуација. Во дидактички поглед можно е да се

[15] Enciklopediski recnik pedagogije, (1963) Nakladni zavod matice Hrvatske, Zagreb.

изврши определување и класификација на формите на наставата со оглед на карактерот и структурата на наставното градиво односно на методот обработка кој му е најсоодветен и со оглед на активностите на учениците и наставниците во процесот на наставата. Во современата дидактика е прифатен ставот дека видот, карактерот и распределбата на активностите на наставниците и учениците во наставниот процес во најголема мера ги определуваат формите на наставата. Формите на работа во наставата се повеќе се определуваат според социолошките форми на наставата, како фронтални, групни и индивидуални.

**Поучување**: - ненамерно помагање кое однадвор влијае врз природниот процес на учење при односот на човекот кон објективниот свет и кон другите луѓе. Во потесна смисла, поучувањето е систем од осмислени педагошки мерки што воспитувачот ги применува како намерна помош во процесот на учењето на воспитаникот (интенционално поучување).[16]

**Процесот на поучување** во наставата е еден вид на интерперсонална комуникација во која информациите (знаењата, упатствата и др) се пренесуваат од некој извор , односно од оној кој поучува (од наставникот), на оние на кои тие информации им се потребни – на оние кои учат (на учениците)[17]

*Стиловите на поучување како главна проблематика на ова истражување, најопшто може да се дефинираат како однесувања или дејствија на наставниците во процесот на наставата кои се во функција на помагање на процесот на учење на учениците.*

[16] Лешковски, И, Педагошки речник. (2002), Друштво за книгоиздателство и услуги Вековишнина, Скопје.

[17] Попоски,К. (1998), Успешен наставник, НИРО Просветен работник, Скопје.(стр. 124)

## 4. Цел на истражувањето

Целта на ова истражување е да се добијат сознанија за стиловите на поучување што ги користат наставниците при реализацијата на процесот на настава во средното образование.

## 5. Задачи на истражувањето

Поставената цел на истражување ќе се конкретизира преку следните задачи:

1. Да се испитаат ставовите на наставниците по однос на сопствениот стил на поучување во процесот на настава;
2. Да се испитаат мислењата на наставниците по однос на комуникацијата со учениците и нивното вклучување во процесот на настава;
3. Да се испитаат ставовите на наставниците по однос на нивната мотивација за професионален развој;
4. Да се согледа дали постои значајна разлика во ставовите на наставниците во однос на формите, методите и средствата на наставна работа кои ги користат и кои би сакале да ги користат во иднина
5. Да се испитаат ставовите на учениците по однос на методичко – организационите аспекти на часот;
6. Да се испитаат ставовите на учениците во односот наставник – ученик;
7. Да се испитаат ставовите на учениците во однос на нивната активност за време на часовите;
8. Да се согледа дали постои значајна разлика во ставовите на наставниците и учениците по однос на користењето на различни наставни методи и форми на настава.

# 6. Хипотези

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето ги поставивме следниве хипотези:

1. Наставниците го оценуваат сопствениот стил на поучување како демократски;
2. Ставовите на наставниците во однос на комуникацијата со учениците се позитивни;
3. Наставниците сметаат дека за нивниот професионален развој најголема мотивација се учениците;
4. Постои значајна разлика во ставовите на наставниците во однос на формите, методите и средствата на наставна работа кои ги користат и кои би сакале да ги користат во иднина;
5. Учениците сметаат дека недоволно се користат активни методи, наставни средства и материјали во наставата;
6. Учениците не се задоволни од односот наставник - ученик;
7. Учениците позитивно ја оценуваат нивната вклученост во наставата за време на часот;
8. Постои значајна разлика во ставовите на наставниците и учениците по однос на користењето на различни наставни методи и форми на настава;

# 7. Варијабли на истражувањето

Независна варијабла на ова истражување е примената на разните стилови на поучување во процесот на настава.

Зависни варијабли:

- Разните методи, форми и средства кои ги користат наставниците во текот на наставниот процес,
- Ставовите на наставниците по однос на сопствените стилови на поучување во процесот на настава,

- Ставовите на учениците по однос на стиловите на поучување со кои се среќаваат во процесот на настава,
- Однос наставник – ученик во процесот на настава,
- Активноста од страна на учениците за време на часот;

## 8. Примерок на истражувањето

Примерокот на испитаници за спроведување на техниката анкетирање го сочинуваат наставници и ученици од 10 јавни средни училишта на град Скопје. Примерокот на наставници го сочинуваат дел од наставниците кои предаваат во соодветното средно училиште, а се избрани по 10 наставници од секое училиште.

Примерокот на ученици е избран систематски со интервал на избор 3, почнувајќи од првиот ученик како почетна единица. Значи со истражувањето се опфатени 800 ученици од двата пола, од различна национална припадност, на возраст од 15 до 18 години, од 10 средни училишта во Скопје.
Истражувањето е спроведувано во самите училишта.

Временскиот примерок на истражување го опфаќа периодот од мај до декември 2010 година.

## 9. Методи, техники и инструменти на истражувањето

### а) Методи

Во истражувањето во најголема мера се застапени дијагностичкиот и дескриптивниот метод.

Со дијагностичкиот метод би се откриле причините и последиците на случувањата во одреден склоп на односи, со што појавите ќе се проучат длабински.

Преку користење на дескриптивниот метод ќе се врши анализа, компарација и генерализација на добиените податоци од истражувањето, користејќи го аналитичко – дескриптивниот, компаративен и експликативен метод.

### б) Техники

Според поставените задачи ќе бидат применета квантитативната истражувачка техника – анкетирање и тоа:

8. Анкетирање на наставници и
9. Анкетирање на ученици.

Со анкетирањето ќе се опфатат поголем број на испитаници, има едноставна примена, можност за анонимност, лесно се обработуваат податоците и сл.

### в) Инструменти

Примената на оваа техника се врши со специјално конструиран инструмент на истражување – анкетен лист за наставници и ученици.[18]

- **Анкетниот лист за наставници** содржи прашања преку кои се испитува стилот на поучување на наставниците при реализација на наставата, методите, формите, средствата кои ги користат во наставата, односот кон учениците, степенот на мотивација за работа, се согледуваат одредени евентуални потешкотии со кои се соочуваат наставниците во текот на наставата, како и предлог мерки за нивно надминување со цел за подобрување на квалитетот на наставата и тн. Во анкетниот лист има прашања од затворен и отворен тип.

- **Анкетниот лист за ученици** е слично конструиран како тој за наставници, со тоа што прашањата се однесуваат на работата на нивните наставници при изведувањето на наставата, поконкретно дали преку стилот на кој се поучувани, преку употребата на разните методи, форми, средства на наставна работа се активно вклучени во процесот на настава, каков е нивниот однос со наставниците, на какви потешкотии наидуваат во процесот на совладување на наставниот материјал и како тие сметаат дека може да се надминат одредените недостатоци.

[18] Примерок од инструментот анкетен лист за наставници и ученици, е даден на крајот од трудот.

## 10. Собирање и обработка на податоците

Со примена на претходно споменатите техники и инструменти, се доаѓа до собирање на потребните податоци. Пред да се започне со оваа етапа треба да се утврди дали постојат податоци за проблемот кој што се истражува; доколку постојат дали се достапни; ако се достапни дали се доволни и дали тие податоци може да се соберат во одреден временски рок кој е предвиден во истражувањето. Како важен предуслов пред да се започне со собирањето на податоци е и обезбедувањето пристап на теренот.

Податоците добиени со квантитативната техника – анкетирање, најпрво ги класифицираме според фрекфенцијата за секое прашање одделно, посебно за наставници и ученици. Резултатите добиени преку квантитативна анализа на податоците се претставени табеларно и графички.
Потоа е извршена компаративна анализа на добиените одговори од анкетите за наставници и ученици, и тие резултати се претставени табеларно и графички.

На крај следува квалитативна анализа, заклучни согледувања, дискусии и сугестии по однос на предметот и целта на истражувањето.

# III ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

I Анализа и интерпретација на резултатите од Анкетата за наставници

II Анализа и интерпретација на резултатите од Анкетата за ученици

III Споредба на резултатите од Анкетите за наставници и ученици

IV Анализа на прашања за ученици од отворен тип

V Анализа на прашања за наставници од отворен тип

# I Анализа и интерпретација на резултатите од Анкетата за наставници

Анкетата е спроведена со вкупно 100 наставници од 10 средни училишта на Град Скопје (по 10 наставници во секое училиште).

На **првото прашање** (сл.1) кое се однесува на тоа каков пристап на поучување преферираат наставниците при обработка на нова наставна единица, од вкупно 100 испитани наставници добиени се следните одговори:

- класично предавање – 15 наставници, односно 15%
- активни методи на поучување – 42, односно 42% и
- бура на идеи – учениците земаат активно учество за време на часот-43, односно 43% од вкупниот број на испитаници.

**Слика 1.**




Од добиените податоци може да се согледа дека голем процент – 85% од наставниците преферираат активен пристап на поучување и вклучување на учениците во процесот на настава, а 15% класично предавање на наставниот материјал.

На **второто прашање** (сл.2) како се однесуваат наставниците за време на наставата (каков е нивниот стил на поучување), од вкупно 100 испитани наставници добиени се следните одговори:

- автократски – 6 наставници, односно 6%
- демократски – 91, односно 91% и
- либерален -3, односно 3% од вкупниот број на испитаници.
-

**Слика 2.**




Според високата процентуална застапеност од 93% во однос на ставот на наставниците дека се сметаат за наставник кој за време на наставата се однесува демократски, односно обезбедува оптимални услови за реализација на часот и поттикнување активно учество на секој ученик во сите етапи на наставниот процес, може да се увиди дека многу малку наставници 6% преферираат автократски (наставникот одлучува што ќе се работи за време на часот и управува со негово реализирање) и 3% сметаат дека се однесуваат либерално (наставникот се става во пасивна улога за време на часовите, давајќи им потполна слобода на учениците да ги искажат и задоволат сопствените желби и интереси).

По однос на **третото прашање** (сл.3) кое се однесува на тоа какокв пристап преферираат при процесот на поучување, добиени се следните одговори

- тие да бидат главен извор на информации-2 наставници, односно 2%,
- поучување преку лични примери – 7 наставници, т.е 7%,
- поттикнување на интеракција помеѓу наставник и ученик – 78%
- секогаш да бидат присутни кога ќе им требаат на учениците – 13%

**Слика 3.**




Од добиените резултати може да се согледа дека највисок процент од 78% од испитаните наставници преферираат поттикнување на интеракција помеѓу наставникот и учениците, а значително помал процент од 13% преферираат пристап наставникот да биде во интеракција со учениците кога тие ќе имаат потреба, 2% одговориле наставникот да биде главен извор на информации и 7% да пренесува знаења преку лични примери.

На **четврото прашање** (сл.4) кое гласи од што најмногу зависи стилот на кој поучуваат наставниците добиени се следниве одговори:

- личната стручна оспособеност – 37 наставници, односно 37%,
- структурата на учениците - 28 наставници, односно 28%,
- техничката опременост на училиштето (услови во кои се одвива наставата) – 13 наставници, односно 13%,
- знаењата и вештините стекнати од учество на соодветни семинари – 17наставници, односно 17%,
- друго - 5наставници, односно 5 %, кои ги дале следните одговори: умеењето на наставникот, се што беше претходно споменато, знаењата и вештините на наставникот, во склоп со условите на настава.

**Слика 4.**




Од добиените резултати на ова прашање може да се заклучи дека поголем процент или вкупно 65% од наставниците сметаат дека стилот на кој поучуваат во најголема мера зависи од нивната стручна оспособеност и структурата на учениците, а 30% одговориле дека зависи од техничката опременост и нивното учество на семинари, најмал птоцент од наставниците 5% мислат дека стилот на поучување зависи од умеењата, знаењата на наставникот, условите за работа и др.

По однос на **петтото прашање** (сл.5) кое се однесува на тоа кои се основните цели што треба да се постигнат во процесот на настава добиени се следниве одговори:

- учениците да умеат да го сумираат и согледаат она што им се предавало– 38 наставници, односно 38%,
- учениците да умеат да работат независно и по сопствена иницијатива – 40 наставници, односно 40%,
- учениците да се способни да работат автономно– 18 наставници, односно 18%,
- друго – 4 наставници, односно 4%, кои ги дале следниве одговори: учениците да успеат трајно да ги складираат своите знаења и да ги употребуваат понатаму во образованието, учениците да се научат да се снајдат во различни ситуации.

**Слика 5.**




Од добиените резултати на ова прашање може да согледаме дека поголем процент од наставниците – 78%, сметаат дека учениците во процесот на настава треба да умеат да работат независно и по сопствена иницијатива и да умеат да го сумираат она што има се предавало, а вкупно 22% одговориле дека основните цели треба да се базираат на тоа учениците да се оспособат да работат автономно, да успеат трајно да ги складираат своите знаења и да ги употребуваат понатаму во образованието и да се научат да се снајдат во различни ситуации.

На **шестото прашање** (сл.6) кое кое гласи: кои се предностите на стилот на кој поучуваат наставниците добиени се следните одговори:

- се фокусира на реални очекувања – 32 наставници, односно 32%,
- ги поттикнува учениците на лична флексибилност – 23 наставници, односно 23%,
- им помага на учениците да се гледаат себе си како независни субјекти во процесот на учење – 45 наставници, односно 45%.

**Слика 6.**




Од добиените резултати на ова прашање може да согледаме дека најголем процент од наставниците 45% сметааат дека со сопствениот стил на поучување им помагаат на учениците да се гледаат себе си како независни субјекти во процесот на настава, 32% сметаат дека сопствениот стил на поучување се базира на реални очекувања во постигањата на учениците и најмал процент од наставниците 23 %, одговориле дека предноста на стилот на кој поучуваат е да се поттикне личната флексибилност на учениците.

По однос на **седмото прашање** (сл.7) кое се однесува на тоа како наставниците ја оценуваат нивната комуникација со учениците добиени се следните одговори:

- лоша – 0 наставници, односно 0%,
- прифатлива – 7 наставници, односно 7%,
- солидна – 58 наставници, односно 58 %,
- одлична – 35 наставници, односно 35%.

**Слика 7.**




Според добиените одговори на седмото прашање, може да се согледа дека комуникацијата помеѓу наставниците и учениците, наставниците ја оценуваат како позитивна, односно висок процент од 93% сметаат дека таа е солидна – 58% и одлична одговориле 35%, а значително помалку 7% од наставниците одговориле дека комуникацијата со учениците е на лошо ниво.

На **осмото прашање** (сл.8) кое гласи: дали наставниците активно ги вклучуваат учениците во процесот на настава добиени се следните резултати:

- да – 69 наставници, односно 69%,
- не – 0 наставници, односно 0%,
- понекогаш – 6 наставници, односно 6%,
- секогаш кога постои интерес од нивна страна – 25 наставници, односно 25%.

**Слика 8.**




Според добиените одговори може да се согледа дека најголем процент од наставниците -69% одговориле дека активно ги вклучуваат учениците во процесот на настава, а вкупно 31% одговориле понекогаш, односно дека активното вклучување на учениците за време на наставата зависи од тоа дали постои интерес од нивна страна.

По однос на **деветото прашање** (сл.9) кое се однесува на тоа кои стратегии ги преферираат наставниците за активно да ги вклучат учениците за време на часовите, добиени се следните одговори:

- преку прашања – одговориле 53 наставници, односно 53%,
- преку вежби – 30 наставници, односно 30%,
- читање на материјалот – 1 наставник, односно 1%,
- групна работа – 14 наставници, односно 14% и
- друго – одговориле 2% од наставниците (проектни задачи, корелација со други наставни содржини)

**Слика 9.**




Од добиените одговори, може да се согледа дека најголем процент од наставниците или вкупно 83%, учениците активно ги вклучуваат на часовите преку поставување прашања, односно преку вежби. Релативно мал процент од наставниците – 14%, практикуваат групна форма на работа за време на наставата и незначителен процент од 3% преку читање, работа на проектни задачи, корелација со други наставни содржини и сл.

На **десеттото прашање** (сл.10) за тоа што за наставниците претставува најголема мотивација нивен за професионален развој, добиени се следните одговори:

- пофалбите – одговориле 1 наставник, односно 1%,
- унапредувањето – 13 наставници, односно 13%,
- парите – 20 наставници, односно 20%,
- интересот на учениците – 65 наставници, односно 65% и
- друго – одговориле 1% од наставниците (се претходно наброено)

**Слика 10.**




Од добиените одговори на ова прашање, најголем процент од наставниците или вкупно 65%, сметаат дека најголема мотивација за нивниот професионален развој е интересот на учениците. Помал процент мислат дека парите, односно унапредувањето се најголемата мотивација за нивниот развој.

## Коментар

Предмет на анализа на прашалникот за наставници е анализа на ставовите од наставниците за стиловите на поучување (формите, методите, средствата) кои ги применуваат во наставата во средните училишта на град Скопје.

Анализата на првите 10 прашања од анкетата, укажуваат дека во процесот на настава најглоем број од наставниците преферираат активни методи на поучување (сл.1) , демократски стил на поучување (сл.2), поттикнување на интеракција меѓу нив и учениците (сл.3), а сопствениот стил на кој ги поучуваат учениците сметаат дека најмногу зависи од нивната лична стручна оспособеност и структурата на ученици со кои работат (сл.4). Во однос на целите кои сакаат да ги постигнат во процесот на настава, дадените одговори се однесуваат на тоа учениците да умеат да работат независно и по сопствена иницијатива и да умеат да го согледаат она што им се предавало (сл 5.). На прашањето кое се однесува на издвојување на предностите на стилот на кој поучуваат, најголем број од наставниците сметаат дека она што треба да го постигнат е тоа учениците да се гледаат себе си како независни субјекти во процесот на учење (сл.6). Комуникацијата со учениците најголем дел од испитаниците ја оценуваат како солидна (сл. 7), учениците активно ги вклучуваат во процесот на настава (сл.8), а тоа најчесто го прават преку поставување прашања и вежби (сл.9). На последното прашање од првата група прашања од прашалникот кое се однесува на тоа што претставува најголема мотивација за нивен професионален равој, најголем број од наставниците сметаат дека тоа е интересот на учениците (сл.10).

Од добиените одговори и направената анализа може да согледаме дека наставниците користејќи ги наведените методи и форми на работа се движат кон потребите и барањата на едно соремено училиште, но се поставува прашањето колку се погоре наброено реално се имплементира во наставниот процес и на кој начин се прави тоа. Дали наставниците комплетно ги спроведуваат сите сегменти кои го прават еден час успешен, дали текот и динамиката на часот го организираат на соодветен начин, дали адекватно ги активираат учениците за време на наставниот час, дали се исполнуваат нивните очекувања во однос на сопствената работа и сл.

Одговорите на овие прашања можеби ќе ги добиеме доколу го анализираме и наредното единаесеттото прашање од прашалникот за наставници кое се однесува на тоа кои форми, методи, средства на наставна работа ги користат и би сакале да ги користат наставниците во својата работна практика.

На понудените 9 тврдења наставниците ги дадоа следните одговори:

| **Критериуми** | **Како работам** | | | | **Како би сакал/а да работам** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тврдења** | ретко | често | секогаш | $\bar{X}$ | ретко | често | секогаш | $\bar{X}$ |
| Применувам различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот | 2% | 53% | 45% | 2,43 | 0% | 15% | 85% | 2,85 |
| Применувам различни методи и форми на работа на час, бидејќи учениците имаат различни стилови на учење, способности и интереси | 5% | 49% | 46% | 2,41 | 0% | 15% | 85% | 2,85 |
| Преку примена на различни форми и методи на наставна работа, кај учениците поттикнувам љубопитност и интересирање | 7% | 48% | 45% | 2,38 | 0% | 7% | 93% | 2,93 |
| Проверувам дали учениците ги разбрале моите прашања и упатства | 0% | 24% | 76% | 2,76 | 0% | 6% | 94% | 2,94 |
| Ги поттикнувам учениците заедничи да доаѓаат до решенија за поставените задачи, да поставуваат прашања и да дискутираат. | 3% | 35% | 62% | 2,59 | 0% | 8% | 92% | 2,92 |
| Им препорачувам на учениците да користат дополнителни извори на | 0% | 36% | 54% | 2,34 | 0% | 17% | 83% | 2,83 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| знаења (весници, стручни книги, интернет). | | | | | | | | |
| Им посветувам повеќе внимание на учениците кои поспоро напредуваат. | 7% | 57% | 36% | 2,29 | 0% | 19% | 81% | 2,81 |
| Користам наставни средства со чија помош го привлекувам вниманието и ги мотивирам учениците да се активни за време на часот. | 11% | 50% | 39% | 2,28 | 1% | 10% | 89% | 2,88 |
| Континуирано ги набљудувам постигнувањата на учениците и барам нивно мислење при вреднување на нивните знаења. | 2% | 32% | 66% | 2,64 | 0% | 12% | 88% | 2,88 |

Во продолжение следи анализа за секое тврдење одделно, претставена со краток коментар и графички.

## 1. Применувам различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот

Според критериумот **како работам,** на првото тврдење 2% од наставниците одговориле ретко, 53% - често и 45% дека секогаш преферираат да применуваат различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 15%често и 85%секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за првото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 2%, а како би сакала да работам 0 %; ниво често – како работам 53%, а како би сакал/а да работам 15% и ниво секогаш – како работам 45%, а а како би сакал/а да работам 85%.

Од добиените одговори може да согледаме дека висок процент од 85% од наставниците би сакале во иднина секогаш во својата работа да применуваат различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот.

## 2. Применувам различни методи и форми на работа на час, бидејќи учениците имаат различни стилови на учење, способности и интереси

Според критериумот **како работам,** на второто тврдење 5% од наставниците одговориле ретко, 49% - често и 46% дека секогаш преферираат да применуваат различни форми и методи на работа на час, бидејќи учениците имаат различни стилови на учење, способности и интереси.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 15%често и 85% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за второто тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 5%, а како би сакала да работам 0 %; ниво често – како работам 49%, а како би сакал/а да работам 15% и ниво секогаш – како работам 46%, а а како би сакал/а да работам 85%.

Од добиените одговори може да согледаме дека висок процент од 85% од наставниците би сакале во иднина секогаш во својата работа да применуваат различни форми и методи на работа на час, бидејќи учениците имаат различни стилови на учење, способности и интереси.

## 3. Преку примена на различни форми и методи на наставна работа, кај учениците поттикнувам љубопитност и интересирање

Според критериумот **како работам,** на третото тврдење 7% од наставниците одговориле ретко, 48% - често и 45% сметаат дека секогаш преку примена на различни форми и методи на наставна работа, кај учениците се поттикнува љубопитност и интересирање.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 7% често и 93% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за третото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 7%, а како би сакала да работам 0 %; ниво често – како работам 48%, а како би сакал/а да работам 7% и ниво секогаш – како работам 45%, а а како би сакал/а да работам 93%.

Од добиените одговори може да согледаме дека значително висок процент од 93% од наставниците би сакале во иднина секогаш да применуваат различни форми и методи на наставна работа, бидејќи на тој начин кај учениците се поттикнува љубопитност и интересирање за наставата.

## 4. Проверувам дали учениците ги разбрале моите прашања и упатства

Според критериумот **како работам,** на четвртото тврдење 0% од наставниците одговориле ретко, 24% - често и 76% сметаат дека секогаш треба да проверуваат дали учениците ги разбрале зададените прашања и упатства.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 6%често и 94% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за четвртото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 0%, а како би сакала да работам 0 %; ниво често – како работам 24%, а како би сакал/а да работам 6% и ниво секогаш – како работам 76%, а како би сакал/а да работам 94%.

Од добиените одговори може да согледаме дека значително висок процент од 76% како работат и 93% од наставниците како би сакале да работат во иднина сметаат дека секогаш треба да проверуваат дали учениците ги разбрале нивните прашања и упатства кои им ги задале на часот.

## 5. Ги поттикнувам учениците заедничи да доаѓаат до решенија за поставените задачи , да поставуваат прашања и да дискутираат.

Според критериумот **како работам,** на петтото тврдење 3% од наставниците одговориле ретко, 35% - често и 62% сметаат дека секогаш треба да проверуваат дали учениците ги разбрале зададените прашања и упатства.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 8%често и 92% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за петтото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 3%, а како би сакал/а да работам 0%; ниво често – како работам 35%, а како би сакал/а да работам 8% и ниво секогаш – како работам 62%, а како би сакал/а да работам 92%.

Од добиените одговори може да согледаме дека висок процент од 93% од наставниците би сакале преку својата работа секогаш да ги поттикнуваат учениците заедничи да доаѓаат до решенија за поставените задачи , да поставуваат прашања и да дискутираат.

## 6. Им препорачувам на учениците да користат дополнителни извори на знаења (весници, стручни книги, интернет).

Според критериумот **како работам,** на шестото тврдење 10% од наставниците одговориле ретко, 36% - често и 54% сметаат дека секогаш на учениците треба да им се посочува дополнителна литература.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 17%често и 83% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за шестото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 10%, а како би сакал/а да работам 0%; ниво често – како работам 36%, а како би сакал/а да работам 17% и ниво секогаш – како работам 54%, а како би сакал/а да работам 83%.

Од добиените одговори може да согледаме дека 83% од наставниците сметаат дека секогаш треба да им се препорачува на учениците да користат дополнителни извори на знаења.

## 7. Им посветувам повеќе внимание на учениците кои поспоро напредуваат.

Според критериумот **како работам,** на седмото тврдење 7% од наставниците одговориле ретко, 57% - често и 36% секогаш.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 19%често и 81% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за седмото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 7%, а како би сакал/а да работам 0%; ниво често – како работам 57%, а како би сакал/а да работам 19% и ниво секогаш – како работам 36%, а како би сакал/а да работам 81%.

Од добиените одговори може да согледаме дека 83% од наставниците одговориле дека би сакале во иднина преку својата работа секогаш да им посветуваат поголемо внимание на учениците кои поспоро напредуваат.

## 8. Користам наставни средства со чија помош го привлекувам вниманието и ги мотивирам учениците да се активни за време на часот.

Според критериумот **како работам,** на осмото тврдење 11% од наставниците одговориле ретко, 50% - често и 39% секогаш.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 1% одговориле ретко, 10%често и 89% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за осмото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 11%, а како би сакал/а да работам 1%; ниво често – како работам 50%, а како би сакал/а да работам 10% и ниво секогаш – како работам 39%, а како би сакал/а да работам 89%.

Од добиените одговори може да согледаме дека 89% од наставниците би сакале во иднина секогаш да користат наставни средства со чија помош ќе го привлечат вниманието и ќе ги мотивираат учениците да се активни за време на часот.

## 9. Континуирано ги набљудувам постигнувањата на учениците и барам нивно мислење при вреднување на нивните знаења.

Според критериумот **како работам,** на деветтото тврдење 2% од наставниците одговориле ретко, 32% - често и 66% секогаш.

Според критериумот како **би сакал/а да работам**, 0% одговориле ретко, 12%често и 88% секогаш.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво од критериумите за деветтото тврдење ја имаме следната состојба: ниво ретко – како работам 2%, а како би сакал/а да работам 0%; ниво често – како работам 32%, а како би сакал/а да работам 12% и ниво секогаш – како работам 66%, а како би сакал/а да работам 88%.

Од добиените одговори може да согледаме дека голем процент од 66% од наставниците одговориле дека секогаш применуваат таков пристап на вреднување на постигањата на учениците, а 89% од наставниците би сакале во иднина континуирано да ги набљудуваат постигнувањата на учениците и да бараат нивно мислење при вреднување на нивните знаења.

## Коментар

Споредувајќи ги дадените одговори од наставниците по однос на првиот критериум – **како работам**, односно колку од наставниците наведените тврдења тековно ги имплементираат во својата наставна работа, ќе согледаме дека најголем дел од дадените одговори се поделени и подолем дел од нив се однесуваат на тоа дека **често** ги користат во наставата (тврдење бр. 1, 2, 3, 7 и 8), а на некои тврдења ставовите од наставниците се дека **секогаш** ги користат во наставата (тврдење бр. 4, 5, 6 и 9).

Она што исто така треба да се спомене по направената анализа е дека помал дел од наставниците на тврдењата кои се однесуваат на: примена на различни методи и форми на работа согласно стиловите на учење на учениците (тврдење 2), примена на различни методи и форми на наставна работа кои поттикнуваат љубопитност и интересирање кај учениците (тврдење 3), препорака до учениците за користење дополнителна литература (тврдење 6), посветување поголемо внимание на учениците кои поспоро напредуваат (тврдење 7) и користење на наставни средства со чија помош се привлекува вниманието кај учениците и се мотивираат да бидат активни за време на часот (тврдење 8), одговориле дека **никогаш** претходно споменатите методи и форми на наставна работа не ги применуваат во наставната практика.

По однос на вториот критериум **како би сакал/а да работам**, односно колку од наставниците наведените тврдења би сакале во иднина да ги користат како дел од нивната секојдневна наставна работа, добиваме сосема друга состојба. Значително висок процент од наставниците одговориле дека **секогаш** сакаат да користат наставни методи и форми кои ќе бидат во насока на задоволување на потребите и интересите на учениците, со кои ќе ја поттикнат нивната заинтересираност и мотивираност, со кои ќе ги активираат учениците во наставата, ќе им помогнат во совладувањето на наставниот материјал, ќе ги охрабрат да поставуваат прашања и да дисктираат и тн. Релативно мал процент одговориле често, а само еден наставник на осмото тврдење одговорил никогаш, што е занемарливо.

Од направената анализа и дискусија може да заклучиме дека поголем дел од наставниците се свесни и ја чувствуваат потребата од осовременување на

сопствениот стил на поучување, користејќи интерактивни методи, форми и средства на наставна работа за кои учениците пројавуваат интерес, но се соочуваат со потешкотии кога истите треба да се имплементираат во пракса.

Со оглед дека наставата како процес е мошне сложена и комплексна, причините за тоа може да бидат од најразлична природа пр: стручната и лична оспособеност на наставникот, степенот на мотивација за работа, техничките и просторни услови во училиштето, структурата на ученици, несоодветни технички познавања од страна на наставниците за користење на современа образовна технологија во наставата, потешкотии при планирање и организирање на наставниот час и сл.

## II Анализа и интерпретација на Анкетата за ученици

Анкетата е спроведена на 800 ученици од 10 средни училишта на Град Скопје, избрани по случаен избор од сите години на образование, пол и национална структура. Од секое училиште се избрани по 80 ученици.

Првото прашање од анкетата содржи вкупно 17 тврдења кои се поделени по однос на 3 критериуми:

**Критериум 1**

Методичко-организациски аспект на часот

Првиот критериум опфаќа вкупно 6 искази, на кои учениците ги дадоа следните одговори:

На **првиот исказ ко**ј гласи: Предавањата имаат јасна организација и поделеност (сл.1), 23 ученици, односно 2,88% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 590 ученици, односно 73,75% одговориле понекогаш и 187 ученици или 23,37% одговориле секогаш.

**Слика 1.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 73,75% сметаат дека понекогаш предавањата имаат јасна организација и поделеност.

На **вториот исказ** кој гласи: Наставниците често користат добри примери и илустрации кои се поврзуваат и со секојдневната пракса, (сл.2) 66 ученици, односно 8,25% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 492 ученици, односно 61,5% одговориле понекогаш и 242 ученици или 30,25% одговориле секогаш.

**Слика 2.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 61,5% сметаат дека наставниците понекогаш, односно не многу често користат добри примери и илустрации кои се поврзуваат и со секојдневната пракса.

Во однос на **третиот исказ** кој гласи: Добиваме јасни инструкции и објаснувања кои ни помагаат во совладување на наставниот материјал, (сл.3) 99 ученици, односно 12,38% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 484 ученици, односно 60,5% одговориле понекогаш и 217 ученици или 27,12% одговориле дека секогаш добиваат јасни инструкции и објаснувања кои им помагаат во совладување на наставниот материјал.

**Слика 3.**




Највисок процент од испитаните ученици 60,5% сметаат дека од наставниците понекогаш добиваат јасни инструкции и објаснувања.

На **четвртиот исказ** кој гласи: На часовите работиме проекти, тестови или задачи коишто бараат оригинално и креативно размислување, (сл.4) 217 ученици, односно 27,12% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 416 ученици, односно 52% одговориле понекогаш и 167 ученици или 20,88% одговориле секогаш.

**Слика 4.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 52% сметаат дека на часовите понекогаш, работат проекти, тестови или задачи коишто бараат оригинално и креативно размислување.

На **петтиот исказ** кој гласи: Наставниците обезбедуваат материјали коишто даваат помошни инструкции, (сл.5) 235 ученици, односно 29,38% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 436 ученици, односно 54,5% одговориле понекогаш и 129 ученици или 16,12% одговориле секогаш.

**Слика 5.**




Највисок процент од испитаните ученици 54,5% сметаат дека на часовите наставниците понекогаш, обезбедуваат материјали коишто им даваат помошни инструкции.

Во однос на **шестиот исказ** кој гласи: Дали на часовите користите наставно – технички средства (компјутер, видео презентации, слики, шеми и сл.), (сл.6) 274 ученици, односно 34,25% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 426 ученици, односно 53,25% одговориле понекогаш и 100 ученици или 12,5% одговориле секогаш.

**Слика 6.**




Највисок процент од испитаните ученици 53,25% сметаат дека наставно – технички средства (компјутер, видео презентации, слики, шеми и сл.) на часовите се користат понекогаш.

## Коментар

По направената анализа на дадените одговори од страна на учениците, по првиот критериум од прашалникот за ученици, може да се согледа дека по сите шест наведени тврдења, највисок процент (повеќе од 50% до 70%) од учениците одговориле дека понекогаш ги среќаваат во процесот на настава.

На првите три тврдења кои се однесуваат на јасна организација и поделеност на предавањата, користење добри примери и илустрации во наставата и добивање јасни инструкции од страна на наставниците кои би им користеле во совладување на наставниот материјал, од 20% до 30% од учениците одговориле дека секогаш се применуваат од страна на нивните наставници, а најмал процент одговориле дека воопшто не ги среќаваат претходно споменатите тврдења во наставната работа.

На четврото, петтото и шестото тврдење кои се однесуваат на: работа на проекти и задачи кои поттикнуваат креативно размислување, обезбедување дополнителни материјали и користење на наставно-технички средства во наставата, релативно висок процент од околу 30% од учениците одговориле воопшто не, а помалку од 20% одговориле секогаш.

Заклучокот од направената анализа по првиот критериум би се однесувал на тоа дека според ставовите на учениците не постои задоволителна поставеност и реализација на методичко-организацискиот акпект на наставните часови.

## Критериум 2

Однос наставник - ученик

Вториот критериум опфаќа вкупно 7 искази, на кои учениците ги дадоа следните одговори:

На **првиот исказ ко**ј гласи: Зборуваат полека и јасно да ги разберат сите ученици (сл.1), 71 ученик, односно 8,88% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 441 ученици, односно 55,12% одговориле понекогаш и 288 ученици или 36% одговориле секогаш.

**Слика 1.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 55,12% сметаат дека понекогаш наставниците зборуваат полека и јасно да ги разберат сите ученици.

На **вториот исказ** кој гласи: Одржуваат визуелен контакт со учениците, (сл.2) 73 ученици, односно 9,13% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 441 ученици, односно 55,12% одговориле понекогаш и 286 ученици или 35,75% одговориле секогаш.

**Слика 2.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 55,12% сметаат дека наставниците понекогаш одржуваат визуелен контакт со учениците.

Во однос на **третиот исказ** кој гласи: Употреба на хумор за време на наставата, (сл.3) 101 ученици, односно 12,63% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 560 ученици, односно 70% одговориле понекогаш и 139 ученици или 17,37% одговориле секогаш.

**Слика 3.**




Највисок процент од испитаните ученици 70% сметаат дека наставниците понекогаш употребуваат хумор за време на наставата..

На **четвртиот исказ** кој гласи: Постојано се во интеракција (комуникација) со учениците, (сл.4) 75 ученици, односно 9,38% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 396 ученици, односно 49,5% одговориле понекогаш и 329 ученици или 41,12% одговориле секогаш.

**Слика 4.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 49,5% сметаат дека понекогаш наставниците се во постојана интеракција со учениците, но приближно ист процент на ученици од 41,12 одговориле дека наставниците секогаш се во интеракција со учениците.

На **петтиот исказ** кој гласи: Отвораат дискусија по зададен проблем, (сл.5) 123 ученици, односно 15,38% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 469 ученици, односно 58,62% одговориле понекогаш и 208 ученици или 26% одговориле секогаш.

**Слика 5.**




Највисок процент од испитаните ученици 58,62% сметаат дека на часовите наставниците понекогаш, отвораат дискусија по зададен проблем.

Во однос на **шестиот исказ** кој гласи: Покажуваат интерес за идеите и потребите на учениците, (сл.6) 253 ученици, односно 31,63% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 413 ученици, односно 51,62% одговориле понекогаш и 134 ученици или 16,75% одговориле секогаш.

**Слика 6.**




Највисок процент од испитаните ученици 51,62% сметаат дека наставниците понекогаш. покажуваат интерес за идеите и потребите на учениците.

На **седмиот исказ** кој гласи: Отворен и коректен однос меѓу наставниците и учениците, (сл.7) 160 ученици, односно 20% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 411 ученици, односно 51,38% одговориле понекогаш и 229 ученици или 28,62% одговориле секогаш.

**Слика 7.**




Највисок процент од испитаните ученици 51,38% сметаат дека понекогаш има отворен и коректен однос меѓу наставниците и учениците.

**Коментар**

По анализа на вториот критериум од прашалникот за ученици, кој се однесува на односот помеѓу наставниците и учениците може да се согледа дека по сите седум наведени тврдења, кои се однесуваат на комуникациските вештини кои ги поседуваат наставниците (јасен говор, визуелен контакт, употреба на хумор, интеракција, отварање дискусија со учениците, покажување интерес за потребите на учениците, отворен и коректен однос) релативно висок процент (од 50% до 70%) од учениците одговориле дека понекогаш ги среќаваат наведените тврдења во процесот на настава. Помал број од испитаниците или околу 30% одговориле секогаш, а најмал процент воопшто не.

Анализата покажува дека учениците воглавно не се задоволни од односот наставник-ученик, кој сметам дека е еден од најважните сегменти кој го гради стилот на кој поучува еден наставник, како и за климата во која се одвива наставата, а исто така односот и соработката помеѓу наставникот и учениците претставува основа за афирмирање на интеракцијата и интерперсоналните односи во наставата и воопшто во животот. Токму комуникацијата меѓу непосредните учесници во воспитно-образовниот процес, ја поттикнуваат активната положба на ученикот во наставата.

## Критериум 3

Активност на учениците за време на часот

Третиот критериум опфаќа вкупно 4 искази, на кои учениците ги дадоа следните одговори:

На **првиот исказ к**ој гласи: Поставуваат интересни и стимулирачки прашања (сл.1), 173 ученици, односно 21,63% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 530 ученици, односно 66,25% одговориле понекогаш и 97 ученици или 12,12% одговориле секогаш.

**Слика 1.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 66,25% сметаат дека понекогаш наставниците поставуваат интересни и стимулирачки прашања за време на часот.

На **вториот исказ к**ој гласи: Наставниците упатуваат директни прашања до учениците (сл.2), 66 ученици, односно 8,25% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 402 ученици, односно 50,25% одговориле понекогаш и 332 ученици или 41,5% одговориле секогаш.

**Слика 2.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 55,12% сметаат понекогаш , а 41, 5% сметаат дека наставниците секогаш упатуваат директни прашања до учениците.

На **третиот исказ кој** гласи: Спроведуваат квизови, проекти, вежби и др. со што активно ги вклучуваат учениците во наставата (сл.3), 314 ученици, односно 39,25% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 404 ученици, односно 50,5% одговориле понекогаш и 82 ученици или 10,25% одговориле секогаш.

**Слика 3.**




Според добиените одговори највисок процент од испитаните ученици 50,5% сметаат дека понекогаш наставниците спроведуваат квизови, проекти, вежби и др. со што активно ги вклучуваат учениците во наставата, но викок е процентот на ученици 39,25% кои сметаат дека наставниците воопшто не спроведуваат квизови, проекти, вежби и др. со што активно ги вклучуваат учениците во наставата.

Во однос на **четвртиот исказ** кој гласи: Упатуваат пофалби и признанија на учениците кои покажуваат интерес за време на часот, (сл.4) 180 ученици, односно 22,5% од вкупниот број анкетирани ученици одговориле воопшто не, 399 ученици, односно 49,88% одговориле понекогаш и 221 ученици или 27,62% одговориле секогаш.

**Слика 4.**




Највисок процент од испитаните ученици 49,88% сметаат дека наставниците понекогаш упатуваат пофалби и признанија на учениците кои покажуваат интерес за време на часот.

**Коментар**

Анализирајќи го третиот критериум од првото прашање од анкетата за ученици, кој се однесува на активноста на учениците за време на часот, повторно највисок процент од учениците одговориле дека понекогаш наставниците користат методи и форми со кои активно ги вклучуваат во процесот на настава.

На првото тврдење кое се однесува на тоа колку наставниците за време на наставата поставуваат интересни и стимулирачки прашања со што би ги активирале учениците, 12% одговориле секогаш, 66% понекогаш и 22% воопшто не. На второто тврдење: колку наставниците поставуваат директни прашања до учениците дадени се следните одоговори: 42% одговориле секогаш, 50% понекогаш и 8% воопшто не. Со споредба на дадените одговори ќе согледаме дека според мислењето од учениците, наставниците во текот на својата работа почесто упатуваат директни прашања, отколку интересни и стимулирачки прашања со кои би го поттикнале нивниот интерес, мотивација и поактивно би ги вклучиле во текот на наставата.

На третото тврдење кое се однесува на спроведување квизови, проекти, вежби со цел активно вклучување на учениците во наставата, најголем процент или 50% од учениците одговориле понекогаш, 10% секогаш, а релативно голем број ученици 40% одговориле воопшто не. Направената анализа укажува на тоа дека според мислењето на учениците, наставниците недоволно користат облици на наставна работа кои би ги стимулирале учениците и би влијаеле за нивно поактивно вклучување во наставата.

На последното тврдење кое се однесува на упатување пофалби и признанија на учениците кои покажуваат интерес во текот на наставата, најголем број учениците – 50% сметаат дека наставниците понекогаш упатуваат пофалби за заслужните ученици, 28% одговориле секогаш и 22% воопшто не. Упатувањето пофалби и награди од страна на наставниците во процесот на настава е вреден инструмент, кој успешно може да го контролира и насочува однесувањето и постигањата на учениците.

Учениците чувствуваат потреба да бидат пофалени или наградени за своите постигнувања а наставниците треба почесто да упатуваат пофалби кон нив и да внимаваат тоа да не биде само после завршената задача или активност, туку и во самиот тек на работата делувајќи поттикнивачки и мотивирачки.

Ако се земат во предвид одговорите кои ги дале учениците, се забележува дека наставниците во недоволна мера користат методи и форми со кои ќе го поттикнат нивното интересирање и желба за активно да се вклучат и да соработуваат во текот на наставата.

## III Споредба на резултатите од Анкетите за наставници и ученици

На прашањата бр.2 (од анкетата за ученици), односно прашањето бр.12 (од анкетата за наставници) кое се однесува на тоа колку често во наставата се користат наведените форми и методи на наставна работа, на понудените 6 тврдења учениците и наставниците ги дале следните одговори:

| **Користење наставни методи и форми** | **Ученици** | | | | | **Наставници** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тврдење** | ниту еднаш | ретко | често | секогаш | $\bar{X}$ | ниту еднаш | ретко | често | секогаш | $\bar{X}$ |
| Предавање пред целиот клас | 0,5% | 13,12% | 32,13% | 54,25% | 3,4 | 1% | 25% | 46% | 28% | 3,01 |
| Работа во групи | 13,38% | 69,25% | 15,87% | 1,5% | 2,05 | 1% | 40% | 54% | 5% | 2,63 |
| Работа на практични активности | 20,25% | 52,62% | 20,5% | 6,63% | 2,13 | 4% | 37% | 45% | 14% | 2,69 |
| Работа на задачи кои поттикнуваат критичко размислување и решавање проблеми | 19,88% | 50,75% | 25,25% | 4,12% | 2,14 | 1% | 24% | 50% | 25% | 2,99 |
| Работа на истражувачк и проекти | 28,38% | 48,75% | 19,5% | 3,37% | 1,98 | 7% | 50% | 40% | 3% | 2,39 |
| Користење на современа образовна технологија | 26,13% | 35,87% | 25,5% | 12,5% | 2,24 | 1% | 42% | 40% | 17% | 2,73 |

## 1. Предавање пред целиот клас

На првото тврдење добиени се следните одговори:

**Ученици:** 0,5% одговориле нити еднаш, 13,12% - ретко, 32,13% дека често и 54,25% секогаш во однос на тоа дека наставниците преферираат предавање пред целиот клас.

**Наставници:** 1% одговориле ниту еднаш, 25% - ретко, 46% често и 28% секогаш предавањата ги реализираат пред целиот клас – фронтално.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво, за првото тврдење може да согледаме дека ставовите на учениците и наставниците значително се разликуваат по однос на нивото секогаш, за кое одговориле 54,25% од учениците и 28% од наставниците. Висок процент на ученици сметаат дека на предавањата наставниците секогаш преферираат фронтален начин на работа – предавања пред целиот клас, а помал процент -28 од наставниците го мислат истото.

## 2. Работа во групи

На второто тврдење добиени се следните одговори:

**Ученици:** 13,38% одговориле нииту еднаш, 69,25% - ретко, 15,87% дека често и 1,5% секогаш во однос на тоа дека наставниците ја практикуваат групната форма на работа во наставата.

**Наставници:** 1% одговориле ниту еднаш, 40% - ретко, 54% често и 5% секогаш предавањата ги реализираат пред целиот клас – фронтално.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво, за второто тврдење карактеристично е тоа што највисок процент од учениците сметаат дека групната форма на работа ретко се практикува за време на наставата, а најголем дел од наставниците сметаат често ја практикуваат.

## 3.Работа на практични активности

На третото тврдење добиени се следните одговори:

**Ученици:** 20,25% одговориле нити еднаш, 52,62% - ретко, 20,5% дека често и 6,63% секогаш во однос на тоа дека наставниците практикуваат работа со учениците на практични активности.

**Наставници:** 4% одговориле ниту еднаш, 37% - ретко, 45% често и 14% дека секогаш со учениците работат на практични активности.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво, за третото тврдење највисок процент од учениците сметаат дека ретко се практикува работа на практични активности, а ставовите од наставниците се поделени, односно дел одговориле ретко – 37%, а 45% дека често работат со учениците на практични активности.

## 4. Работа на задачи кои поттикнуваат критичко размислување и решавање проблеми

На четвртото тврдење добиени се следните одговори:

**Ученици:** 19,88% одговориле нити еднаш, 50,75% - ретко, 25,25% дека често и 4,12 % секогаш во однос на тоа дека наставниците во својата работа користат задачи кои поттикнуваат критичко размислување и решавање проблеми.

**Наставници:** 1% одговориле ниту еднаш, 24% - ретко, 50% често и 25% дека секогаш со учениците работат на задачи кои поттикнуваат критичко размислување и решавање проблеми.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво, за четврото тврдење карактеристично е тоа што највисок процент од учениците одговориле ретко, а најголем дел од наставниците сметаат често практикуваат таков метод на работа со учениците.

## 5. Работа на истражувачки проекти

На петтото тврдење добиени се следните одговори:

**Ученици:** 28,38% одговориле нити еднаш, 48,75% - ретко, 19,5% дека често и 3,37 % секогаш во однос на тоа дека наставниците со учениците работат на истражувачки проекти.

**Наставници:** 7% одговориле ниту еднаш, 50% - ретко, 40% често и 3% дека секогаш со учениците работат истражувачки проекти.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво, за петтото тврдење највисок процент од учениците и наставниците одговориле ретко, а одговорите се разликуваат по тоа што релативно висок процент од учениците – 28,38% сметаат дека ниту еднаш не работеле на истражувачки проекти во текот на наставата, а дел од наставниците 40% сметаат често практикуваат таков метод на работа со учениците.

## 6. Користење на современа образовна технологија

На шестото тврдење добиени се следните одговори:

**Ученици:** 26,13% одговориле нито еднаш, 35,87% - ретко, 25,5% дека често и 12,5% секогаш во однос на тоа дека во наставата се практикува користење на современа образовна технологија.

**Наставници:** 1% одговориле ниту еднаш, 42% - ретко, 40% често и 17% дека секогаш користат современа образовна технологија во наставата.




Со **споредување на резултатите** на секое ниво, за шестото тврдење карактеристично е тоа што одговорите од учениците по однос на сите нивоа се приближни еднакви, а одговорите од наставниците се однесуваат главно на нивоата ретко и често – 82%, а само 1% од наставниците одговориле дека ниту еднаш не користеле своремена образовна технологија во наставата.

## IV Анализа на прашања за ученици од отворен тип

На прашањето бр. 4 од анкетниот лист за ученици кое се однесува на тоа учениците да наведат работи кои би ги мотивирале за повеќе да работат со цел да постигнат поголем успех во училиште, дадени се повеќе одговори. Одговорите од учениците и нивна анализа се поделени во неколку критериуми кои се претставени во следната табела:

| Критериуми | Дадени одговори |
|---|---|
| *1. Методи, форми, средства за изведување на наставата* | - кога предаваат наставниците да предаваат на сите се додека не им се разјасни на сите (не да им се објаснува само на поединци);<br><br>- кога за потешките лекции професорите би давале повеќе примери и проектни задачи, учениците би биле повеќе заинтересирани за наставата;<br><br>- повеќе хумор и интересни предавања кои полесно ќе ги запамтиме, проекти, вежби, квизови и работа во групи за активно вклучување на учениците во наставата:<br><br>- да се воведат проекти, работа во групи и по одредени часови да има дополнителна настава поради слабиот успех;<br><br>- професорите да имаат желба за работа, почит кон нас учениците, да бидат заинтересирани за предметот и да предаваат со поголем ентузијазам и реално да оценуваат;<br><br>- професорите повеќе да им помагаат на послабите ученици;<br><br>- проекти, истражувања, дискусии, групни активности, компјутери, креативни задачи, квизови, повеќе хумор, практична работа надвор од училиштето и др.;<br><br>- покреативни часови, а не класични предавања од кои ништо не разбираме. Професорите да најдат некоја техника на предавање за да може на часовите да учиме,а не дома, всушност затоа и одиме во училиште за да научиме нешто;<br><br>- да се напушти класичниот метод на работа во наставата кој се применува со децении station наназад, сметам дека учениците би постигнувале далеку подобри резултати и би биле мотивирани да постигнат поголем успех доколку |

| | |
|---|---|
| | би се посветувало поголемо внимание на практичната работа;<br><br>- професорите би можеле да посветуваат поголемо внимание на учениците кои понекогаш имаат прашања за материјалот или пак не им е јасна некоја лекција;<br><br>- повеќе групна работа, презентации за да се вклучат учениците;<br><br>- практични активности кои ќе придонесат учениците да се ангажираат и да се заинтересираат за материјалот кој се учи;<br><br>- да се спојат едукацијата, забавата и секојдневниот живот, со тоа би се олеснило учењето и би станале поуспешни луѓе во различни сфери;<br><br>- повеќе внимание да се посвети на современ начин на изведување на наставата;<br><br>- поинтересен час, повеќе практика и дебати, инетересни факти. Кога предава професорот да не биде ограничен на едно нешто од книгата и тоа да го повторува;<br><br>- користење на посовремена технологија, користење на материјали во врска со лекциите, за да биде поинтересно, да има работна атмосфера на часот – добро организиран и исполнет час;<br><br>- на часот да има ред и дисциплина, да се знае кога се учи, предава и слуша, а кога се дискутира на различни теми. Часот да биде добро организиран, ние учениците да имаме чувство дека времето на училиште го поминуваме рационално и дека сме го совладале поголемиот дел од материјалот веќе на час. Материјалот што се предава да биде поврзуван со најразлични теми и ситуации од секојдневниот живот, учениците да бидат слободни да го изразуваат своето мислење и да поставуваат различни прашања. Да се посветува поголемо внимание на практичниот дел, да се прават истражувања, дебати и др.<br><br>- посовремен образовен систем;<br><br>- поголема креативност на часовите, професорите да смислат методи со кои би го привлекле нашето внимание;<br><br>- домашните задачи да бидат дел од оцената.<br><br>- работи кои имаат и едукативен и забавен карактер, кои би не поттикнале да размислуваме; |

<table>
<tr><td></td><td>
- учениците да се вклучат во настава, да не сме само обични слушатели, а професорите да не научат како да учиме со разбирање, а не на памет;<br><br>
- употреба на аудио-визуелни средства во наставата.<br><br>
- професорите да ги модернизираат часовите, да има почесто вежби на самиот час, да не мотивираат да истражуваме, а не да учиме на памет и да прераскажуваме;<br><br>
- предавањата да бидат посликовити, да се споредуваат со примери од секојдневниот живот. Преку дебати и заемна комуникација да доаѓаме до заклучоци и уште на истиот час кога е предадена лекцијата професорите да бараат од нас повратна информација колку сме научиле и ако има нејаснотии повторно да се објаснат;<br><br>
- доколку би се вовела повеќе практична ангажираност, дебати, изработка на креативни проекти, верувам дека 90% од учениците би биле повеќе мотивирани, а истовремено и повеќе би научиле нови работи.<br><br>
- доколку професорите ни го предаваат материјалот на интересен начин и не ангажираат и нас учениците, јас би бил задоволен и мотивиран за работа;
</td></tr>
<tr><td>2. Односот и комуникацијата помеѓу наставник и ученик</td><td>
- да има отворен однос меѓу професорите и учениците, употреба на хумор и да имаат повеќе разбирање за потребите на учениците;<br><br>
- попријателски однос на професорите и повеќе можности за подобар успех;<br><br>
- професорите да не мотивираат повеќе да учиме, а не да ни ставаат лоши оцени заради учење на памет и да ни даваат совети како полесно да го совладаме материјалот;<br><br>
- подобар однос на релација ученик-наставник, а не секојдневно заплашување со тестови и испрашување;<br><br>
- поголема посветеност од страна на професорите, не толку супериорен и диктаторски однос, покреативен пристап кон Програмата, ширење на хоризонтите кај наставниот кадар;<br><br>
- поголема комуникација меѓу професорите и учениците, да се сослушаат нашите ставови и дискусија за истите;<br><br>
- поголема ангажираност на професорите;<br><br>
- креативен професор кој многу добро ја познава својата
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | област и е способен за комуникација;<br><br>- трудот, упорноста, подршката од професорот да ни дава поголема мотивација и желба за учење;<br><br>- односот на професорот да биде поискрен;<br><br>-поголема интерактивност и разбирање помеѓу професорите и учениците. |
| *3. Пофалби, награди и признанија за учениците* | -професорите треба да го наградуваат нашиот труд за да не мотивираат да бидеме поактивни и редовно да учиме;<br><br>- да имам загарантирана стипендија ако поминам одличен;<br><br>- да има пофалби и награди;<br><br>- учениците да бидат позастапени во училишната програма за работа и да го креираат часот, а подобрите ученици да бидат наградувани;<br><br>- да ни даваат пофалби и комплименти;<br><br>- награди и признанија за добрите ученици;<br><br>- доколку наставниците секогаш би упатувале пофалби на учениците кои се активни, мислам дека така би имале поголема мотивација за подобар успех. |
| *4. Воннаставни активности* | - поинтензивно организирање на проекти за школото, организирање на концерти и други културни настани, поорганизирани вонучилишни активности, дружења и сл.;<br><br>- да се организираат натпревари и секции во училиштето.<br><br>- да се организираат повеќе натпревари и воннаставни активности. |
| *5. Наставен материјал, фонд на часови* | - концентрацијата на учениците се намалува, бидејќи секој ден имаме по седум часа и затоа мислам дека треба да имаме по помалку часови за да постигнеме поголем успех;<br><br>- избор на предмети кои ученикот сака да ги изучува;<br><br>- да не бидат задолжителни сите предмети, да има повеќе класови со помалку ученици, помодерни училишта и поголем интерес на професорите за подобар успех на учениците. |

Петтото прашање од анкетата за ученици се однесува на тоа учениците да ги наведат главните потешкотии со кои се соочуваат во процесот на настава, како и предлог мерки кои според нив треба да се превземат за нивно надминување. Дадените одговори се дадени табеларно во посебна колона се наведени одговорите во однос на потешкотиите со кои се соочуваат учениците во процесот на настава, а во посебна се дадени предлог мерките за нивно надминување кои ги наведуваат.

| **Дадени одговори** | |
|---|---|
| **Потешкотии во процесот на настава** | **Предлог мерки за нивно надминување** |
| - недостасуваат практични вежби и работа;<br>- брзо предавање на материјалот;<br>- постојат потешкотии по одредени предмети затоа што немаме книги, а исто така и интернет со што би ни се олеснило учењето;<br>- нема голема соработка од страна на професорите, не пружаат можности преку кои би можеле да ги истакнеме нашите способности. Немаат разбирање на многу наши проблеми и често немаат доверба;<br>- целта на часот не е само да се предаде лекцијата, туку и ние нешто да разбереме и да имаме по помалку часови;<br>- некоректен однос од страна на некои професори;<br>- се соочуваме со напорни предавања, секој ден имаме по 7 часа и немаме време за доволно одмор;<br>- недоволно јасни предавања и предавања кои траат речиси само 5 минути;<br>- обемен материјал и по седум часови секој ден;<br>- недисциплина за време на наставата;<br>- часовите се премногу здодевни, тоа е | - за совладување на новиот наставен материјал треба да имаме повеќе практични примери и наставниците да обезбедат материјали коишто даваат помошни инструкции со што материјалот полесно ќе се совлада. Исто така треба да работиме проекти кои бараат покреативно размислување и наставниците да поставуваат интересни и стимулирачки прашања;<br>- наставниците да предаваат полека и јасно;<br>- испрашувањата на учениците да не бидат толку стресни, туку да се реализираат на поинтересен начин (организирани во група, на проекти и сл);<br>- наместо на некои часви пола час да седиме и да се одмараме, наставниците нека ни дозволат да поправаме оцени;<br>- кај некои професори дисциплината да биде на повисоко ниво;<br>- предлагам да има случајна посета од страна на надлежни органи за |

| | |
|---|---|
| причината поради која јас и моите соученици сме незаинтересирани за време на наставата.<br><br>- недоволно објаснување на материјата, многу строг критериум на оценување поради екстерното тестирање, искажување гнев врз учениците поради свои домашни и лични проблеми;<br><br>- чувствуваме стрес за време на часовите, скрипти наместо учебници, би требало да се воведе некој поинаков начин на оценување;<br><br>- многу пишување за време на часовите (диктирање), а тоа не заморува. Треба да имаме учебници;<br><br>- стрес, монотона настава без дискусија од наша страна, диктирање на лекциите;<br><br>- обемен материјал за учење;<br><br>- секој час е едноличен и здодевен, треба да се воведат активности со кои би излегле од секојдневието;<br><br>- ако е добар и интересен професорот ќе го сакам предметот и ќе учам повеќе, ама за жал се помалку има такви професори;<br><br>- учениците не се дисциплинирани на часовите затоа што не се сфаќаат повеќето од лекциите;<br><br>- нејасни и здодевни предавања;<br><br>- немаме интернет;<br><br>-незаинтересираност и дрскост од страна на професорите (не си ја сакаат работата);<br><br>- недоволно стручни професори;<br><br>- начинот на предавање на одредени професори и комуникацијата со учениците;<br><br>- повеќето професори не се заинтересирани околу предавањата на наставниот материјал, се однесуваат многу дрско према учениците и | време на часовите, почести усни испрашувања и изработка на проекти, практична настава надвор од училиштето;<br><br>- да има помалку пишување на часовите, а повеќе дискусии, прикажувања, користење технички помагала во наставата;<br><br>- професорите да бидат помотивирани за работа, да вложуваат повеќе енргија и љубов во предавањата (да бидат појасни и поопширни) за да разбереме подобро и треба да сфатат дека не посекој предмет може да имаме ист интерес сите и да покажуваме солиден успех;<br><br>- да се обрне внимание на добро објаснување на материјалот преку практични методи, а потоа би следело и реално оценување;<br><br>- да нема тестови и испрашувања по повеќе предмети во еден ден;<br><br>- да се вработуваат помлади професори;<br><br>- сметам дека професорите кога испрашуваат треба да бидат малку порелаксирани без да ни внесуваат страв, треба да одржуваат дискусии на часот со примери од секојдневниот живот;<br><br>- дополнителна настава да има повеќе;<br><br>- да се има поголема контрола врз работата на наставниците;<br><br>- за подобрување би било добро секој професор да се обиде да ја |

| | |
|---|---|
| притоа воопшто не им е гајле дали ние ќе научиме или не, бидејќи гледаат што побрзо да излезат со дневникот од училница и да си одат дома;<br><br>- наставата е класична како пред 10 години, се е сведено на принципот диктирање – пишување;<br><br>- незаинтересираност, премногу правила, тоа што професорите сметаат дека ние учениците немаме ниедна друга обврска освен училишната, учење на памет, ограниченост;<br><br>-образовните институции и вработените не личат на ништо, суштинските работи се тотално нерешени;<br><br>- една од главните потешкотии за зачувување на концентрацијата за време на часот е монотоноста на некои професори кои не ги вклучуваат учениците на часот. нетолерантност на професорите, нивните наметнати мислења, со што се отвора простор за општо меѓусебно конфронтирање. Треба да има повеќе часови за општење и дебатирање на повеќе интересни теми, каде што професорите ќе имаат можност да не запознаат како индивидуи, како личности, а не само како ученици подложни на нивните наметнувања и идеи;<br><br>- нема работна атмосфера на часовите, професорот зборува, а учениците не се способни да слушаат целиот час, зошто не се вклучени;<br><br>- обемен материјал, многу непотребни содржини, многу тестови, а материјалот по некои предмети е напишан на многу високо ниво;<br><br>- примарен проблем ми претставува “сувото” учење на материјалот без практични примери кои би можеле визуелно да ми помогнат полесно да го совладам материјалот; | извлече креативната страна кај секој ученик, а не приоритет да му биде кој ја научил последната лекција, која патем за една недела ќе биде заборавена;<br><br>- поголема интеракција – прво градење на било каков однос, а после работа за подобрување на истиот;<br><br>- лично јас, а и повеќето средношколци би сакале професорите на покреативен начин да го доближат материјалот до нас учениците;<br><br>- потребен е млад и свеж кадар;<br><br>- професорите да повторат ако нешто не ни е јасно, да има повеќе активности во групи или сам, да ни дозволат да предаваме лекции, да не почитуваат;<br><br>- Многу значајно е развивањето и поттикнувањето на креативноста во средните училишта, а тоа се изоставува. Ние средношколците сме сеуште деца може да се каже, затоа ни е потребно часовите да бидат покреативни и творечки, со што би дошле до израз нашите способности кои секој од нас ги поседува. На тој начин училиштето би било позабавно и помотивирачко за нас и професорите (вклучување на музика, ликовна уметност, драмски изведби за време на часовите и сл.)<br><br>- треба да се воведе посовремен начин на предавање и добивање оцени пр. со правење на проекти и истражувања, а не на класичен |

| | |
|---|---|
| - дефицит на комуникација, иновативност, нови начини на предавање, а не застарени закани и заплашувања со цел да се одржи дисциплината;<br><br>- често писмено и усно тестирање, да се земе во предвид активноста за време на часовите за оформување на оценката, со што би се намалиле тестирањата;<br><br>- малку информации за општа култура и пребрзо изучување на новиот материјал;<br><br>-во поглавните потешкотии би спаѓале: монотонија на часот, еднонасочната комуникација за време на часот (наставникот предава, а учениците се пасивни), строго придржување кон лекциите коишто се претставени во учебниците, а кои често се обемни и содржат информации кои навистина се непотребни и вишок, на некои часови уште постои диктирање на големи планови за лекцијата, што навистина е непотребно, а енергијата на ученикот може да се искористи на многу подобар начин (активно учество во решавање на некој проблем, дискутирање и сл.)<br><br>- наставниците бараат учење на памет, нема никаков план за работа, ниту задачи, ниту вежби и сл.,само старомоден начин на предавање и испрашување;<br><br>- неинтересни часови, монотона настава;<br><br>- професорите многу диктираат и малку дозволуваат да се вклучуваме при разработка на нови лекции и ретко дозволуваат да се развие дебата за лекциите кои ги изучуваме;<br><br>- голема нервоза од страна на професорите и неможност кај дел од нив да створат дисциплина и да го направат часот поинтересен;<br><br>- преку ваквиот начин на изведување на наставата немаме можност за логичко | начин на табла;<br><br>- треба да се разговара со одредени професори и да им се дадат соодветни совети и инструкции;<br><br>- треба да се направат часовите поинтересни така и ние повеќе би се дружеле;<br><br>- професорите треба да бидат поконкретни и позаинтересирани за време на предавањата, внимавајќи дали учениците ја сфатиле предадената лекција, а не само да ја предадат;<br><br>- давање шанса на учениците кои се талентирани да успеат во тоа што го сакаат;<br><br>- во оцената да се вклучат домашните работи, активноста на час и дисциплината;<br><br>- да се објаснуваат лекциите на начин разбирлив за нас.;<br><br>- користење на интерактивни методи со кои би се вклучиле учениците и класични испрашувања – да се следи севкупното знаење и активност на ученикот;<br><br>- треба максимално да се искористи часот за предавањето да биде успешно;<br><br>- доколку учениците се повеќе ангажирани, ќе покажат поголем интерес за наставата;<br><br>- треба целосно да се смени начинот на држење настава;<br><br>- компјутерите да се тргнат од училниците, бидејќи ни го |

| | |
|---|---|
| размислување и практична примена на тоа што се учи;<br><br>- не се работи во групи за да може да разменуваме некои идеи, решавање на проблеми, задачи кои ќе поттикнат заинтересираност кај учениците да се залагаат за тој предмет – треба професорите да се потрудат да ги заинтересираат учениците преку активно вклучување во настава;<br><br>-нема доволно активности на часовите;<br><br>- класични предавања;<br><br>- недостиг на учебници, застарени учебници;<br><br>- несоодветно предавање на одредени професори кои воопшто не поврзуваат теорија со пракса;<br><br>- недоволно објаснета материја, немање соработка за време на часот;<br><br>- ниеден предмет не би бил тежок, ако професорот знае како да ни го пренесе знаењето;<br><br>- потешкотии и незаинтересираност кај нас учениците се јавува ако е часот досаден;<br><br>- некои професори повеќе да објаснуваат, а не само да предаваат;<br><br>- предавањата се често досадни и знаењата не ни користат за понатака во животот;<br><br>- тоа што професорите не даваат дополнителни материјали;<br><br>- некоректен однос од страна на учениците кон професорите;<br><br>- голем број на ученици во класовите. | одвлекуваат вниманието;<br><br>- да се вклучат сите ученици во наставата и да се упрости материјалот;<br><br>- да се намали неделниот фонд на часови;<br><br>- подобрување на практичната настава;<br><br>- поголемо разбирање од страна на професорите, подобро објаснување, работа<br><br>на компјутери, повеќе вежби, повеќе интересе за идеите и потребите на учениците – предлог мерки: подобар наставен кадар. |

## V Анализа на прашања за наставници од отворен тип

Тринаесеттото прашање од анкетата за наставници се однесува на тоа наставниците да ги наведат главните потешкотии со кои се соочуваат во процесот на настава, како и предлог мерки кои според нив треба да се превземат за нивно надминување. Дадените одговори се дадени табеларно во посебна колона се наведени одговорите во однос на потешкотиите со кои се соочуваат наставницитее во процесот на настава, а во посебна се дадени предлог мерките за нивно надминување кои ги наведуваат.

| **Дадени одговори** | |
|---|---|
| **Потешкотии во процесот на настава** | **Предлог мерки за нивно надминување** |
| -незаинтересираност за читање од страна на учениците;<br><br>-учениците не се мотивирани да учат за повисока оцена, доволно им е 2, а со тоа се демотивираат и професорите;<br><br>-преобемен материјал кој не може да се реализира со предвидениот фонд на часови;<br><br>-немање учебници и наставни средства за демонстрација и практична работа<br><br>-присуството на компјутерите во наставата, бидејќи учениците ги користат за вонннаставни цели;<br><br>-поквалитетни учебници со поинтересни содржини;<br><br>-голем број на ученици во паралелките, се отежнува работата во групи, парови и сл.<br><br>-нестабилен образовен систем, промашени реформи, ниски примања и демотивираност за поквалитетна работа; | -усогласување на наставната програма спрема неделниот фонд на часови, психофизичките способности и интереси на просечен ученик;<br><br>-кабинетска настава;<br><br>-селективно учење за оценка - да им се укаже на учениците за значењето на трајното знаење.<br><br>-секој кабинет да има LCD проектор и соодветен софтвер кој е во согласност со наставната програма и учебникот.<br><br>-да се превземат мерки и методи за пренесување на наставните содржини на поинтересен начин, што ќе придонесе за поголемо внимание и размислување на учениците за време на часот, со што полесно би го совладувале наставниот материјал; |

| | |
|---|---|
| -нередовност на учениците во погорните класови;<br><br>-обемна наставна програма<br><br>-немање соодветни учебници со што се губи квалитетот на наставата;<br><br>-незаинтересираност и немотивираност на учениците и слаб влезен успех од основно образование;<br><br>-голем дел од часот се посветува на мотивирање на учениците за работа;<br><br>-недостиг на наставни средства за реализирање на практична настава;<br><br>-слаби предзнаења, недисциплина, недоволна соработка со родителите;<br><br>-слаб интерес на учениците, немање учебници и наставни средства;<br><br>-поставените компјутери ја отежнуваат работата во групи и го одвлекуваат вниманието;<br><br>-слабо предзнаење на учениците, нивна некреативност и незаинтересираност;<br><br>-обемен фонд на часови;<br><br>-недостаток на обуки и семинари за континуирана едукација на професорите за стиловите на поучување, методи, форми на наставна работа;<br><br>-голем број на ученици во класовите;<br><br>-стари наставни програми;<br><br>-кај учениците нема интерес за учење, без разлика како предава професорот;<br><br>-недостиг на услови за примена на современа образовна технологија. | -ревидирање на наставните програми во основно и средно образование;<br><br>-помал број на ученици во паралелките;<br><br>-создавање услови за користење современа образовна технологија.<br><br>-поголема контрола и разговор со родители и ученици;<br><br>-поттикнување на мотивацијата за работа, поголема техничка опременост;<br><br>-реализација на обуки и семинари за современи техники на учење;<br><br>-немотивираноста на учениците може да се надмине со поголемо ангажирање на наставниот кадар, поттикнување на учениците да работат преку поврзување на наставните содржини со нивните интереси.<br><br>-теоријата да се изучува паралелно со праксата (повеќе да е застапена практичната настава);<br><br>-активно вклучување на учениците во наставата;<br><br>-поттикнување на учениците за креативно и самостојно учење од најрана возраст.<br><br>-прилагодување на наставните програми за стручните училишта;<br><br>-поголема финансиска мотивација за професорите. |

Според дадените одговори од страна на учениците, потешкотиите со кои се соочуваат во процесот на настава главно се однесуваат на следното:

- Неинтересна, нејасна и монотона настава;
- Класична настава која е сведена на диктирање и пишување;
- Незаинтересираност од страна на наставниците за предавање на наставниот материјал;
- Обемен фонд на часови;
- Немање учебници и наставни средства;
- Некоректен однос и лоша комуникација помеѓу наставниците и учениците;
- еднонасочната комуникација за време на часот (наставникот предава, а учениците се пасивни);
- чести усни и писмени испрашувања и строг критериум за оценување.

Одговорите од учениците преку кои искажуваат предлог мерки за справување и надминување на одредени недостатоци и проблеми со кои се соочуваат во процесот на настава, а се однесуваат на следното:

- да се воведе посовремен начин на предавање (активни методи);
- активно вклучување на учениците во процесот на настава;
- повеќе практични знаења, работа на проекти, вежби, дебати исл;
- поголема мотивираност, посветеност, креативност и љубов кон работата од страна на наставниците;
- коректен и интерактивен однос помеѓу наставниците и учениците;
- да се намали фондот на часови;
- да има контрола врз работата на наставниците;

да нема чести тестови и испрашувања кои стресно делуваат на нас учениците, но да се најде порексиран начин со кој ќе се проверува знаењето и постигањата на учениците.

Главните потешкотиите со кои се соочуваат наставниците во процесот на настава се однесуваат главно на следното:

- незаинтересираност и немотивираност на учениците за совладување на наставната материја и постигнување подобар училишен успех;
- слаб влезен успех, односно предзаења од основно образование;
- несоодветни учебници или недостиг на учебници, обемни наставни програми, обемен неделен фонд на часови;
- недостиг на наставни средства;
- компјутерите не се користат рационално и го одвлекуваат вниманието кај учениците;
- голем број на ученици во паралелките.

Понудените предлог мерки за справување со проблемите на кои наидуваат наставниците во својата работа се однесуваат на следното:

- изнаоѓање методи, форми и средства на наставна работа со цел да се подигне мотивацијата кај учениците за учење (нивно активно вклучување во процесот на настава);
- ревидирање и усогласување на наставните програми со неделниот фонд на часови и потребите и интересите на учениците;
- обезбедување наставни средства (LCD проектор) за секој наставник;
- обуки и семинари за наставниот кадар за современи техники на поучување;
- да се намали бројот на ученици во паралелките.

Преку анализа и споредба на добиените одговори од наставниците и учениците, ќе согледаме дека главните потешкотии со кои се соочуваат во наставната практика, главно се однесуваат на начинот на реализација на наставата.

Според одговорите на учениците стилот на кој поучува денешниот наставник не ги задоволува нивните очекувања. Она што во неколку наврати го потенцираат и предлагаат учениците е стилот на поучување на наставникот да се движи во насока на демократичност и либералност, односно наставникот да практикува и применува активно вклучување, посветеност, соработка и разбирање на потребите и интересите

на учениците во текот на наставата. Неминовна е потребата на учениците од посовремени услови на одвивање на наставата, соодветна техничка опременост со наставни средства кои би ги направиле часовите поинтересни, материјата поразбирлива, подостапна за нив, а стекнатите знаења потрајни и употребливи во понатамошната практика, повеќе практична работа, осовременување на наставните програми и учебниците, како и намалување на фондот на часови.

Сметам дека мултимедијалниот свет во кој што живеат денешните млади луѓе, протокот на информации до кои секојдневно доаѓаат, како и начинот на пласирање на тие информации, се дел од причините кои доведуваат до демотивација кај нив за совладување на наставните содржини. Движејќи се во чекор со современите трендови на спознавање и учење кај учениците се наметнува потреба од промена на постоечкиот начин на изведување на наставата во училиштата, (класично предавање на табла, диктирање, читање, пишување, начин на проверување на знаењето и постигањата на ученикот, авторитативниот однос на наставниците), што мора да признеме дека во најголема мера е сеуште присутно во наставната практика кај нас.

Споредувајќи ги согледувањата на учениците за оваа проблематика со оние на наставниците, ќе дојдеме до заклучок дека се базираат на иста основа.

Наставниците од своја страна се свесни за суштината на проблемот, за потешкотиите со кои се соочуваат учениците, нивните слаби постигања и демотивираноста, барајќи своевидна финансиска, едукативна и техничка поддршка кои би ги насочиле кон подобрување на сопствената работна практика.

Неминовно е да се спомене и јазот кој што се јавува помеѓу учениците и повозрасниот наставен кадар, земајќи го во предвид техничкиот бум кој во последните години ја опфати секоја сфера на општественото делување и функционирање. Тука се исправува и проблемот со стилот на кој се навикнале да поучуваат и на кој учеле и доаѓале до информации повозрасните генерации на наставници и потребите и барањата на денешниот млад човек.

## Дискусија за добиените резултати

Врз основа на добените резултати се потврдуваат или отфрлаат поставените посебни хипотези. За нивно докажување ќе се користат добиените податоци од анализата на спроведените Анкети за наставници и ученици.

Според тоа,

**Првата хипотеза**, која гласи:

- Наставниците го оценуваат сопствениот стил на поучување како демократски

**се потврдува**, бидејќи на прашањата од прашалникот за наставници кои се однесуваат на пристапот на поучување на наставниците, нивниот стил на поучување, од што зависи стилот на кој поучуваат, кои цели сакаат да ги постигнат во наставата како и тоа кои се предностите на нивниот стил на поучување (прашања број 1,2,3,4,5и 6), највисок процент од одговорите на наставниците се укажуваат на демократски стил на поучување.

**Втората хипотеза**, која гласи:

- Ставовите на наставниците во однос на комуникацијата со учениците се позитивни

**се потврдува** со оглед на анализата од одговорите добиени на прашањата број 7, 8 и 9 од анкетата на наставници кои се однесуваат на комуникацијата со учениците, нивно активно вклучување во процесот на настава и кои старатегии ги преферираат за активирање на учениците, поголем процент од наставниците одговориле дека преку прашања и вежби активно ги вклучуваат учениците во наставата, а комуникацијата со учениците им е на солидно или одлично ниво.

**Третата хипотеза**, која гласи:

- Наставниците сметаат дека за нивниот професионален развој најголема мотивација се учениците

**се потврдува** бидејќи на десеттото прашање од анкетата со наставници 65% од наставниците сметаат дека интересот на учениците претставува најголема мотивација за нивен професионален развој.

**<u>Четвртата хипотеза</u>**, која гласи:

- Постои значајна разлика во ставовите на наставниците во однос на формите, методите и средствата на наставна работа кои ги користат и кои би сакале да ги користат во иднина

**се потврдува** бидејќи во одговоритае на наставниците во однос на формите, методите и средствата на наставна работа кои ги користат и кои би сакале да ги користат во иднина (тврдења од прашање број 11) постои значајна разлика.

**<u>Петтата хипотеза</u>**, која гласи:

- Учениците сметаат дека недоволно се користат активни методи, наставни средства и материјали во наставата

**се потврдува** бидејќи највисок процент од учениците на првото прашање од анкетата по однос на критериумот кој се однесува на методичко-организационите аспекти на часот на дадените тврдења одговориле дека понекогаш ги среќаваат во процесот на настава.

**<u>Шестата хипотеза</u>**, која гласи:

- Учениците не се задоволни од односот наставник - ученик

**се потврдува** бидејќи на првото прашање од анкетата по однос на критериумот однос наставник – ученик највисок процент од учениците по однос на дадените тврдења одговориле дека понекогаш се применуваат од страна на учениците.

**<u>Седмата хипотеза</u>**, која гласи:

- Учениците позитивно ја оценуваат нивната вклученост во наставата за време на часот;

**се отфрла** бидејќи на првото прашање од анкетата по однос на критериумот активност на учениците за време на часот највисок процент од учениците по однос

на дадените тврдења одговориле понекогаш а исто така, помал но значаен процент од нив одговориле дека наставниците воопшто не користат методи и форми со кои активно ги вклучуваат во процесот на настава.

**Осмата хипотеза**, која гласи:

- Постои значајна разлика во ставовите на наставниците и учениците по однос на користењето на различни наставни методи и форми

**се потврдува** бидејќи на прашањето број 4 од прашалникот за ученици и прашањето број 12 од прашалникот за наставници, нивните ставови по однос на дадените прашања значајно се разликуваат.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Образованието како круцијална компонента на едно општество, врз која се темели и развојот на тоа општество, во екот на глобализацијата и последователните промени од неа, исто така е поставено пред нови предизвици. Се повеќе се зборува за информатичко-комуникациска и технолошка писменост и нивна интеграција во образовниот систем. Се повеќе се инсистира на подинамична интеракција меѓу наставниците и учениците, на зголемена соработка, на тимска работа во активностите поврзани со решавање проблеми. Се согледува потребата од образување на ученици кои ке го развијат критичкото учење, лидерството и кои ќе имаат контрола врз сопственото учење. Крајната цел кон која треба да се движат денешните училишта е ефикасно и ефективно унапредување и усовршување на наставниот процес и пред се подобрување на начинот на кој учениците учат.

Во училиштата кај нас за жал сеуште во голема мера преовладува традиционалноста, наставниците најчесто усно ја презентираат материјата, а учениците се во улога на пасивни слушатели. Наставникот е сеуште главниот извор на информации, а интеракцијата помеѓу наставникот и учениците е застапена многу малку, односно е на незадоволително ниво.

Треба да се работи на зголемување знаењата и вештините за користење на современа образовна технолгогија (компјутер, LCD проектор и други аудио-визуелни средства), затоа што можеби станува збор за индивидуална некомпетентност да се справат со промените, а можеби и недоволна мотивација да ја променат долгогодишната востановена практика. Треба да се промени свеста на наставникот за неговата улога во образовниот процес, за неговата улога како наставник кој ќе биде менторски ангажиран, лидер и мотиватор. Се што е потребно е наставникот да ја развие својата креативност и да се ослободи од традиционалноста.

Во врска со претходно наведените потешкотии кои се среќаваат во стилот на кој поучува денешниот наставник во наставата во средно образование моите насоки и предлози за нивно надминување пред сé, се однесуваат на се почесто организирање на едукативни средби, работилници и обуки за наставниот кадар во средните училишта.

Едукативните работилници би требало да се однесуваат на развивање на демократски стил на поучување кој опфаќа се почеста употреба на активни методи, форми и средства во наставата со цел ученикот да има активна улога во процесот на настава, подобрување на односот наставник-ученик што би водело до нивна зголемена интеракција и комуникација, оспособување и охрабрување на наставниот кадар за сé почесто користење на современа образовна технологија во наставата и соодветно планирање на наставниот час.

Меѓутоа, она на што треба да се стави посебен акцент од страна на училиштата во кои непосредно се изведува наставниот процес, но и од надлежните воспитно-образовни институции е изнаоѓање систем и мерки за зголемување на мотивираноста за работа кај наставниот кадар и обезбедување услови за изведување на наставата.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Адамческа, С. (1996), Активна настава, Скопје: Легис.

2. Адамческа, С. (1991), Тандемската работа на учениците, Скопје: Редакција на списанието Просветно Дело.

3. Ангелоска - Галевска, Н. (2003), Методологија на педагошки истражувања (интерен материјал), Скопје.

4. Ангелоска - Галевска, Н. (1998), Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието, Битола: Киро Дандаро.

5. Ангеловски, К. (1985), Наставниците и иновациите, Скопје: Студентски збор.

6. Babić, G. (1984), Racionalizacija vaspitno obrazovnog rada, Sarajevo: Svjetlost OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

7. Баковљев, М. (1984), Дидактика, Београд: Научна књига.

8. Bežen, A., Jelović, F., Kujundžić, J., Pletenac, V. (1991), Osnovi didaktike, Zagreb: Školske novine.

9. Bognar, L. и Matijevic, M. (2002), Didaktika, Zagreb: Školska knjiga.

10. Василески, К. (1996), Методологија и организација на наставата, Скопје: Навас.

11. Вилотиевић, М.(2000), Дидактика: организација наставе, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет.

12. Вилотиевић, М. (1999), Дидактичке теорије и теорије учења, Београд: Научна књига, Учитељски факултет.

13. Вилотиевић, М., (1996), Праћење, мерење и вредновање рада школе, Београд: Центар за усавршавање руководилаца у образовању.

14. Вилотиевић, М., Газивода, П. (1998), Образовање и стручно усавршавање наставника, Београд: Заједница Учитељских факултета Србије.

15. Вилотиевић, М. (1996), Системско-теоријске основе наставног процеса, Београд: Учитељски факултет.

16. Gainey, D. D,. Winn, G. F. (1996), Who will teach tomorrow, Education Digest, Vol 62.

17. Георгиевски, П. (1994), Социологија на образованието, Скопје: Сатва.

18. Gitlin, A., (1999), Collaboration and Progressive School Reform, Educational Policy, Vol.13.

19. Гогоска, Л. (1994), Педагогија, Скопје: Ѕвезда.

20. Гордон, Т. (2001), Како бити успешан наставник, Београд: Креативни центар, (превод Ирена Лободок – Штулиќ).

21. Goodlad, J. I. (1991), Why we need a complete redesign of teacher education, Educational Leadership, Vol.49.

22. Дамјановски, А. (1989), Ученикот во наставата: од објект до активен субјект, Скопје: Просветно дело.

23. Дамјановски, А. (1993), Индивидуализација на наставата, Скопје: Просветно дело.

24. Ђорђевић, Ј. (1997), Настава и учење у савременој школи, Београд: Учитељски факултет.

25. Ђорђевић, Ј. (1981), Савремена настава – организација и облици, Београд.

26. Enciklopediski recnik pedagogije, (1963), Zagreb: Nakladni zavod matice Hrvatske.

27.Ishler, R. E. (1995), Tomorrow's teachers, schools and schools of education, National Forum. Vol.75.

28.Јелавиќ, Ф. (1995), Дидактичке основе наставе, Загреб: "Наклада Слап".

29.Камчева-Лакинска, Б. (1992), Самостојната работа на ученикот во наставата, Скопје: Гоце Делчев.

30.Knežević, V. (1986), Strukturne teorije nastave, Beograd.

31.Kvaščev, R. (1977), Sposobnosti učenja i ličnost, Beograd.

32.Костова, М. (1993), Оптовареноста на учениците, Скопје: Редакција на списанието Просветно дело.

33.Лешковски, И. (2002), Педагошки речник, Скопје: Вековишнина.

34.Lunenburg, F. C. (1998), Revolution in the teaching profession, College Student Journal. Vol.32.

35.Мандић, П. (1987), Иновације у настави и њихов педагошки смисао, Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево: Светлост.

36.Милановић – Наход, С. (1988), Когнитивне теорије и настава, Београд: Институт за педагошка истраживања.

37.*Миноски, Ј., Ѓорѓиевска, Г. (1997), Следење и анализирање на* наставата: дидактички прирачник, Кочани: Матична библиотека ″Искра″.

38.Muminović, H. (2000), Mogućnosti efikasnijeg učenja u nastavi, Sarajevo: DES

39.Наход, С. (1993), Приступи вредновању рада наставника, Крушевац: Иновације у настави, бр.3-4.

40.Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука.

41.Петковски, К и Алексова, М. (2004), Водење на динамично училиште, Скопје: Биро за развој на образованието.

42.Poljak, V. (1975), Obrada nastavnih sadržaja i sticanje znanja, Zagreb.

43.Попоски, К. (1998), Програмирање на воспитно – образовниот процес, Скопје: Педагошки завод на Македонија.

44.Попоски, К. (1998), Успешен наставник, Скопје: НИРО Просветен работник.

45.Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 1, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, ноември 2005.

46.Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 2, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, ноември 2005.

47.Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 3, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, април 2006.

48.Прирачник од СЕА проект – Активности во средно образование, Модул 4, Американска агенција за меѓународен развој – УСАИД, Скопје, јуни 2006.

49.Stefanović, M. (1986), Kreativnost nastavnika i učenika u nastavi, Pula: “Istarska naklada”.

50.Stevanović, M. (1984), Istraživanje učenika u nastavi, Loznica.

51.Terhart, E. (2001), Metode poucavanja i ucenja, Zagreb: Educa.

52.Tileston Walker, D. (2000), Ten best teaching practices, California: Corwin press.

53.William, G. (1999), Nastavnik u kvalitetnoj školi, prevod od angliski Božica Jakovlev, Zagreb: Educa.

54.http://pact.gse.uci.edu/ed173online/notes/173unit8.html

55.http://www.nwrel.org/request/oct00/textonly.html

56.http://www.dadalos.org/coe/Dio1/01lat1.htm.

57.http://pup.skole.hr/

58.Шарановић - Божановић, Н. (1989), Теориске основе сазнавања у настави, Београд: Просвета.

# ПРИЛОЗИ

# Анкетен лист

# (за наставници)

Овој прашалник е дизајниран со цел да се приберат податоци за стиловите на поучување (формите, методите, средствата) кои се применуваат во наставата во средните училишта на град Скопје, што е предмет на истражување на мојот магистерски труд.

Преку собраните податоци ќе согледаме каква е организацијата на наставната работа во средните училишта, како и реалните потреби на наставниците и учениците како директни субјекти во наставниот процес, а секако со цел на негово осовременување и подобрување.

Анкетата е анонимна, а од вашата искреност и внимателност при одговарање на поставените прашања, ќе зависи успешноста на ова истражување.

Однапред Ви благодарам на соработката!

Училиште: ________________________________.

Работно искуство ________ год.

Професор по: а. општествени науки б. природни науки в. стручни предмети

**1.Кога обработувате нова наставна единица преферирате:**

а.) класично предавање

б.) активни методи на поучување (демонстрации, нагледни средства)

в.) Бура на идеи – учениците земаат активно учество додека трае часот (дискусија со учениците)

**2. Себе си се сметате за наставник кој за време на наставата се однесува:**

а.) автократски (Вие одлучувате што ќе се работи за време на часот и управувате со негово реализирање)

б.) демократски (обезбедувате оптимални услови за реализација на часот и поттикнувате активно учество на секој ученик во сите етапи на наставниот процес)

в.) либерално (Вие се ставате во пасивна улога за време на часовите, давајќи им потполна слобода на учениците да ги искажат и задоволат сопствените желби и интереси)

**3. Практикувате поучување преку:**

а. ) тоа вие да бидете главен извор на информации

б.) лични примери

в.) поттикнување на интеракција помеѓу наставник и ученик

г.) да бидете секогаш присутни кога им требате на учениците

**4.Стилот на кој поучува наставникот, во најголема мера зависи од:**

а.) личната стручна оспособеност

б.) структурата на учениците

в.) техничката опременост на училиштето (услови во кои се одвива наставата)

г.) знаењата и вештините стекнати од учество на соодветни семинари

д.) друго ____________________________________________

**5. Една од вашите основни цели во процесот на настава е учениците:**

а.) да умеат да го сумираат и согледаат она што им се предавало

б.) да умеат да работаат независно и по сопствена иницијатива

в.) да се способни да работаат автономно

г.) друго ____________________________________________

**6. Една од предностите на Вашиот стил на поучување е тоа што:**

а.) се фокусира на реални очекувања

б.) ги поттикнувате учениците на лична флексибилност

в.) им помагате на учениците да се гледаат себе си како независни субјекти во процесот на учење

**7. Вашата комуникација со учениците е:**

а.) лоша

б.) прифатлива

в.) солидна

г.) одлична

**8. Дали активно ги вклучувате учениците во процесот на настава?**

а. ) да

б.) не

в.) понекогаш

г.) секогаш кога постои интерес од нивна страна

**9. Кои стратегии ги преферирате за да ги активирате учениците за време на часовите?**

а) преку прашања

б) преку вежби

в) читање на материјалот

г) групна работа

д) друго_________________

**10. Што според Вас претставува најголема мотивација за професионален развој на наставниците?**

а. ) пофалбите

б.) унапредувањето

в.) парите

г.) интересот на учениците

д.) друго________________

**11.Одговорете на следните тврдења според тоа колку истите ги применувате или не ги применувате во вашата наставна работа (заокружувајќи од 1 до 3) и колку би сакале да се применуваат, односно да се дел од наставната практика, според значајност (заокружувајќи од 1 до 3)**

| Како работам | | | Тврдење/Исказ | Како би сакал/а да работам | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ретко | често | секогаш | | ретко | често | секогаш |
| 1 | 2 | 3 | Применувам различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Применувам различни метоти и форми на работа на час, бидејќи учениците имаар различни стилови на учење, способности и интереси. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Преку примена на различни форми и методи на наставна работа, кај учениците поттикнувам љубопитност и интересирање. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Проверувам дали учениците ги разбрале моите прашања и упатства. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Ги поттикнувам учениците заеднички да доаѓаат до решенија за поставените задачи, да поставуваат прашања и да дискутираат. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Им препорачувам на учениците да користат дополнителни извори на знаења (весници, стручни книги, интернет). | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Им посветувам поголемо внимание на учениците кои поспоро напредуваат. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Користам наставни средства со чија помош го привлекувам вниманието и ги мотивирам учениците да се активни за време на часот. | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 2 | 3 | Континуирано ги набљудувам постигнувањата на учениците и барам нивно мислење при вреднување на нивните знаења. | 1 | 2 | 3 |

**12. Колку често ги користите следните наставни форми и методи на работа во Вашата наставна пракса?**

| **Користење наставни методи и форми** | **Ниту еднаш** | **Ретко** | **Често** | **Секогаш** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Предавање пред целиот клас | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2.Работа во групи | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3.Работа на практични активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4.Работа на задачи кои поттикнуваат критичко размислување и решавање проблеми | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5.Работа на истражувачки проект | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6.Користење на современа образовна технологија | 1 | 2 | 3 | 4 |

**13. Наведете ги главните потешкотии со кои се соочувате во процесот на настава, како и предлог мерки што би требало да се превземат за нивно надминување.**

# Анкетен лист

# (за ученици)

Овој прашалник е дизајниран со цел да се приберат податоци за стиловите на поучување (формите, методите, средствата) кои се применуваат во наставата во средните училишта на град Скопје, што е предмет на истражување на мојот магистерски труд.

Преку собраните податоци ќе согледаме каква е организацијата на наставната работа во средните училишта, како и реалните потреби на наставниците и учениците како директни субјекти во наставниот процес, а секако со цел на негово осовременување и подобрување.

Анкетата е анонимна, а од вашата искреност и внимателност при одговарање на поставените прашања, ќе зависи успешноста на ова истражување.

Однапред Ви благодарам на соработката!

**Упатство за пополнување на анкетниот лист:**

На прашањата треба да се заокружи само еден од понудените одговори.
На последните 2 прашања напишете го вашето мислење или сугестија.

Ве молиме внимателно и искрено да одговорите на поставените прашања! Благодариме на соработката!

Училиште: ________________________.

Клас________

Пол - М Ж

**1.Одговорете на следните тврдења според тоа колку истите ги срекавате и се применуваат или не се применуваат во процесот на наставната работа (заокружувајќи од 1 до 3).**

| Методичко-организациски аспект на часот | Воопшто не | Понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|
| 1. Предавањата имаат јасна организација и поделеност | 1 | 2 | 3 |
| 2. Наставниците често користат добри примери и илустрации кои се поврзуваат и со секојдневната пракса | 1 | 2 | 3 |
| 3. Добиваме јасни инструкции и објаснувања кои ни помагаат во совладувањето на наставниот материјал | 1 | 2 | 3 |
| 4. На часовите работиме проекти, тестови или задачи коишто бараат оригинално и креативно размислување | 1 | 2 | 3 |
| 5. Наставниците обезбедуваат материјали коишто даваат помошни инструкции | 1 | 2 | 3 |
| 6. На часовите користиме наставно - технички средства (компјутер, видео презентации, слики, шеми итн.) | 1 | 2 | 3 |

| Однос наставник - ученик | Воопшто не | Понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|
| 1. Зборуваат полека и јасно да ги | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| разберат сите ученици | 1 | 2 | 3 |
| 2. Одржуваат визуелен контакт со учениците | 1 | 2 | 3 |
| 3. Употреба на хумор за време на наставата | 1 | 2 | 3 |
| 4. Постојано се во интеракција (комуникација) со учениците | 1 | 2 | 3 |
| 5. Отвараат дискусија по зададен проблем | 1 | 2 | 3 |
| 6. Покажуваат интерес за идеите и потребите на учениците | 1 | 2 | 3 |
| 7. Отворен и коректен однос меѓу наставниците и учениците | 1 | 2 | 3 |
| **Активност на учениците за време на часот** | **Воопшто не** | **Понекогаш** | **Секогаш** |
| 1. Поставуваат интересни и стимулирачки прашања | 1 | 2 | 3 |
| 2. Упатуваат директни прашања до учениците | 1 | 2 | 3 |
| 3. Спроведуваат квизови, проекти, вежби и др. со што активно ги вклучува учениците во наставата | 1 | 2 | 3 |
| 4. Упатуваат пофалби и признанија на учениците кои покажуваат интерес за време на часот. | 1 | 2 | 3 |

**2. Колку често во наставата ги среќавате следните наставни форми и методи на работа?**

| **Користење наставни методи и форми** | **Ниту еднаш** | **Ретко** | **Често** | **Секогаш** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Предавање пред целиот клас | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2.Работа во групи | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3.Работа на практични активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4.Работа на задачи кои поттикнуваат критичко размислување и решавање проблеми | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5.Работа на истражувачки проект | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6.Користење на современа образовна технологија | 1 | 2 | 3 | 4 |

3. Мислите ли дека постојат одредени работи кои ако би се направиле би ве мотивирале повеќе да работите за поголем успех во училиштето?

а) да

б) не

в) не знам

4. Ако постојат такви работи кои би ве мотивирале, наведете ги истите:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

5. Наведете ги главните потешкотии со кои се соочувате во процесот на настава, како и предлог мерки кои би требало да се превземат за нивно надминување:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Ви благодарам за соработката!